Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Филолошки Факултет „Блаже Конески" - Скопје

# Очи полни со жито

Марко Пешетели



ISBN 978-608-234-108-8

Приредувач:
Александра Саржоска

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Филолошки Факултет „Блаже Конески“ - Скопје

**Издавач:**

Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје,
Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје

**Уредник на издавачката дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“:**

проф.др-р Владимир Мартиновски, декан

**Уредник на изданието:**

проф. д-р Александра Саржоска

**Дизајн на корица:**

проф. д-р Ладислав Цветковски

**Лектура на македонски јазик:**

проф. д-р Славица Велева

**Превод од италијански јазик:**

Радица Никодиновска, Андријана Русеска,Теодора Јосифовска, Марија Муратовска, Маја Божиновска, Сара Деспотовска, Христијан Стојановски, Анастасија Поп Стојанова, Драгана Марковиќ, Емилија Николовска.

**Компјутерска изработка и печат:** МАР-САЖ

**Тираж:** 100

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.131.1-32=30.131.1=163.3

ПЕШЕТЕЛИ, Марко
Очи полни со жито / Марко Пешетели ; уредник Александра Саржоска ; превод од италијански јазик Радица Никодиновска,...[и. др]. - Скопје : Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје, 2024. - 100, 93 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Текст напоредно на мак. и итал. јаз. - Останати автори: Андријана Русеска,Теодора Јосифовска, Марија Муратовска, Маја Божиновска, Сара Деспотовска, Христијан Стојановски, Анастасија Поп Стојанова, Драгана Марковиќ, Емилија Николовска

ISBN 978-608-234-108-8

1. Саржоска, Александра [уредник]
а) Италијанска книжевност -- Кратка проза -- Преводи

COBISS.MK-ID 63198469

Авторските права се заштитени. Забрането е умножување, фотокопирање и секаков вид репродукција без претходна согласност на издавачот и авторот.

Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје,
Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје

# ОЧИ ПОЛНИ СО ЖИТО

**Марко Пешетели**

**Уредник**
Александра Саржоска

Скопје, 2024

# СОДРЖИНА

ВОВЕД
......7

БЕЛОТО КАПУТЧЕ
превод: Марија Муратовска (ментор: Ирина Талевска) ...... 11

ПРЕКИНАТА КАДЕНЦА
превод: Драгана Марковиќ (ментор: Радица Никодиновска)...... 18

АКВА АЧЕТОЗА
превод: Андријана Русеска ...... 22

ЖАЛ МИ Е ШТО ЗАМИНУВАШ
превод: Анастасија Поп Стојанова (ментор: Александра Саржоска) ...... 24

АСИМПТОТИ
превод: Марија Муратовска (ментори: Руска Ивановска-Наскова,
ИринаТалевска и Бранка Гривчевска) ...... 26

ДВАЈЦАТА СОУЧЕСНИЦИ
превод: Сара Деспотовска (ментор: Бранка Гривчевска) ...... 46

НА ЗДРАВЈЕ
превод: Сара Деспотовска (ментор: Радица Никодиновска)...... 52

СПЕЦИЈАЛНА ПОНУДА
превод: Андријана Русеска ...... 56

УЛИЦАТА„КАРЛО И СТОТЕ НОЗДРИ“
превод: Маја Божиновска (ментор: Анастасија Ѓурчинова) ...... 68

ПОЗДРАВ
превод: Анастасија Поп Стојанова (ментор: Руска Ивановска-Наскова) ...... 73

МЕЃУ РЕДОВИ
превод: Андријана Русеска ...... 74

ПУПЛИНСКА КОШУЛА
превод: Радица Никодиновска ...... 78

ВАГАТА НА НЕВОЛЈИТЕ
превод: Емилија Николовска (ментор: Александра Саржоска) ...... 83

CONSECUTIO TEMPORUM (СЛОЖУВАЊЕ НА ВРЕМИЊАТА)
превод: Радица Никодиновска ........................................................................ 87

ПРЕТХОДНИОТ ДЕН
превод: Христијан Стојановски (ментор: Радица Никодиновска)................................. 92

НА ДРУГА СТРАНА
превод: Радица Никодиновска ........................................................................ 97

ОЧИ ПОЛНИ СО ЖИТО
превод: Теодора Јосифовска (ментор: Александра Саржоска)...................................... 99

# Вовед

„Tutte le lingue hanno la loro bellezza: la bellezza della lingua italiana sta nella sua ricchezza di parole.........

L'italiano è bello
Mariangela Galatea Vaglio

*Сите јазици имаат своја убавина но убавината на италијанскиот јазик се должи на неговата ризница на зборови*, и со право се вели дека италијанскиот е убав и мелодичен јазик! Водени токму од убавината на јазикот, Катедрата за италијански јазик и книжевност одлучи, заедно со своите студенти, да изготви превод на збирка раскази од Марко Пешетели, од италијански на македонски јазик, со цел доближување на интересните раскази на нашите читатели. Сепак, ова не е единствен превод од ваков вид. На почеток пионерски, низ годините се нижеа и други наслови и на ова издание му претходеа повеќе наслови излезени од преведувачките работилници на Катедрата.

И во овој случај, како и во претходните преводи, основната идеја беше да се поттикнат студентите од Катедрата под менторство на професори да се впуштат во водите на преведувањето, водени од потребата да се совлада тешкотијата при преведувањето, истовремено совладувајќи ја јазичната бариера на новиот јазикот. Таквата тешкотија е особено комплексна кога треба да се најде точното значење на некои зборови и изрази типични за италијанската култура.

Размислувањето за еден ваков вид на превод започна некаде кон крајот на 2017 година, веднаш по доаѓањето на Марко Пешетели во Скопје како лектор на Катедрата за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ а се реализираше кон крајот на 2022 година. Најпрвин со изборот на расказите, потоа со изборот на студентите што би ги преведувале истите и на крајот со нивните ментори кои многу внимателно ги препрочитуваа преводите. Во изготвувањето на преводите се вклучија студенти од четврта година на Катедрата за италијански јазик и книжевност, апсолвенти, магистранти и тоа: Андријана Русеска, Теодора Јосифовска, Марија Муратовска, Маја Божиновска, Сара Деспотовска, Христијан Стојановски, Анастасија Поп Стојанова, Драгана Марковиќ, Емилија Николовска и професорката Радица Никодиновска.

Нивните преводи беа менторирани од професорките: Радица Никодиновска, Анастасија Ѓурчинова, Александра Саржоска, Руска Ивановска-Наскова, Ирина Талевска и Бранка Гривчевска. По направените корекции текстовите им беа испратени на студентите на конечна проверка и разгледување на забелешките. Конечно, тие се автори на преводите и сериозно си ја исполнија својата обврска многу внимателно одбирајќи ги најсоодветните преводни избори.

Книгата е поделена на два дела, првиот дел го сочинуваат 18 раскази напишани на италијански јазик, пишувани некаде на релација Скопје-Рим во текот на од 2017 до 2022 година. Додека, вториот дел на книгата го сочинуваат преводите на истите раскази на македонски јазик.

А задоволството од читањето што ни го понудија расказите на Марко Пешетели е навистина огромно, полно со емоции, заради исклучително истенчениот вкус во изборот на зборови, заради прекрасните описи на пејзажи и силните чувства.

Сметавме, дека ова преведувачко искуство ќе им биде драгоцено но и пријатно искуство на студентите што учествуваа во овој преведувачки потфат и, од мое име но и од име на целата Катедра за италијански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески"- Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, им се заблагодарувам зашто без нивниот интерес и покажаниот труд оваа збирка раскази сигурно не ќе можеше да се заврши.

Голема благодарност на авторот Марко Пешетели за отстапените авторски права и на професорката Радица Никодиновска која со своето исклучително искуство не само што преведе голем дел од расказите туку и со своите конструктивни совети овозможи уште подобар превод на расказите.

Благодарност и до колешките: Анастасија Ѓурчинова, Александра Саржоска, Руска Ивановска Наскова, Ирина Талевска и Бранка Гривчевска, кои со голем ентузијазам прифатија да го менторираат преведувањето на расказите.

Голема благодарност до професорката Славица Велева која како и секогаш со огромно задоволство ги лекторира нашите текстовите.

Благодарност, до професорот Ладислав Цветковски за дизајнот и изготвувањето на корицата на збирката раскази.

И на крајот едно големо благодарам на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

кој умее да ги препознае вистинските академски вредности, поддржувајќи ги и овој пат студентските преводни патувања.

Александра Саржоска
Скопје, ноември 2023

# Белото капутче

За Стефано Г.

Пред многу години, во моето место имав девојка која ме сакаше. Се викаше Мина. Пораснавме заедно во суровоста и експлозивноста на нашите седумнаесет години. Првите прошетки без строгиот надзор на родителите, првите држења за рака додека ја минуваме улицата, со моќно чувство предизвикано од крвта што почнуваше да ни го дуе срцето, првиот бакнеж во кино додека по третпат го гледаме истиот филм, со нозете кренати на наслонот на седишта пред нас. Првите прошетки низ градот, во кои имавме време само за истражување на сопствените желби, светот што го набљудувавме од автобусите, кои отежнато се пробиваа низ метежот. Првите силни прегратки во гужвата, првите допири под блузите и џемперите.

Бурно ги живеевме неделите што беа години, викендите што беа матурски испити, споделени со обврските во извидничката група и со оние на мојата група што несмасно ја имитираше политичката ангажираност на работниците. Обајцата на раздалечени и паралелни фронтови се обидувавме да се сретнеме во малиот простор што ни го оставаше времето определено од ритамот на нашиот ученички живот. Јас одев на училиште наутро, а таа попладне. Не постоеја други телефони, освен оние фиксните дома и телефонските говорници на жетони. Понекогаш успевав да ја соберам навечер, кога излегуваше од часови. Се вовлекував во некој бавен и задоцнет автобус и пристигнував столчен од замор.

Беше сѐ потешко да се гледаме. Почнав да свирам во бенд и меѓу пробите, настапите, спортот, тренинзите со училишниот кошаркарски тим и натпреварите за викенд, надвор од градот за време на шампионатот, времето се собра како да е маица ставена на вриење.

Одеднаш дојде време за матурските испити, оние вистинските. А, потоа? Потоа зборувавме за соништата, за нашите очекувања од животот, различен од животите на другите, оригинални, што немаше да се заробат во работно време од 8 до 17. Професиите за кои сонувавме беа профитабилни и привлечни: неврохирург, судија, фоторепортер, музичар, славен спортист.

Потоа животот навистина пристигна.

Следејќи го советот на моите и на чичко ми Џузепе, запишав „правни науки“, што, според еден мој школски другар, звучело пофраерски од

„право“, без да знам каде ќе ме одведе сето тоа. Се работело за „поливалентен“ факултет што подоцна ќе вродел со по некој плод, додека јас, во меѓувреме, ќе сум можел да продолжам да свирам и да играм баскет. Се преселив на север, во еден студен и маглив град. Мина, пак, остана долу на југ да студира јазици на еден факултет што не бара голем напор, обидувајќи се да се издржува со секретарското место што го најде преку еден роднина што се преселил таму.

Така, на далечина, си пишувавме долги писма со раскази и детални хроники за она што ни се случуваше, за професорите што ни држеа предавања кои не допираа до нас, за цимерите, за адаптирањето, за секојдневните страдања поврзани со парите кои никогаш не беа доволни. Во родното место се враќавме само за главните празници. Секогаш беше убаво кога повторно ќе се прегрневме, но постепено, од семестар во семестар, без да забележиме и, секако, без да си признаеме, станавме како брат и сестра. Доверливи и милни, нежни романтични другари, но не веќе љубовници обединети од крвта што ни бучеше во ушите. Со бавност на мезозојски глечер се оддалечувавме сантиметар по сантиметар. Секојдневието се создаваа невидливи бариери што се обидувавме да ги урнеме со нашите вечерни повици, со резервата од жетони за говорница, по кои постојано трагавме како по мало лично богатство.

Потоа не памтам што се случи. Можеби една вечер излегов со другарите и отидов во кино, или можеби не можев да ја добијам Мина? Вистината е дека повиците стануваа сè поретки и, пред сè, помалку исчекувани. Имаше испит што требаше да го спремам со нов колега од факултет, имаше црвен џемпер на една девојка што ме плени во предавалната, имаше натпревар што требаше да се одигра, и пица заедно со тимот. Имаше некаков постојан и надмоќен ветер на животот што ме носеше, кинејќи ги една по една сите навики, сите начини на живеење, светот што го познавав. Зимата повторно ги успа сите желби и потреби, држејќи нè во летаргична апатија.

Потоа дојде летото. Летото на дваесетгодишна возраст со мотор на незапирлива енергија, моќен, вклучен на илјада вртежи кон светот-универзум. Одненадеж добив желба да патувам, да ја истражувам земјата, да се движам брзо, да видам што повеќе места, да вдишувам други животи. Ми изгледаше дека мојот живот никогаш нема да ми биде доволен ниту да исполнам една чаша од изворот на вода што блика, додека гледав како извира.

Преминот кон вечноста беше доста тесен: црвен Фиат Панда 30, со тројца нови пријатели, во кој бев повикан да влезам со својот багаж. Целната дестинација во името ја содржеше магијата на незапирлива и екстремна авантура: Северен ‘рт. Ѝ се јавив на далечната, сѐ подалечна девојка. Нежниот глас нервозно ми одговори дека не ги разбирам нејзините потреби: и таа имаше за учење и згора на тоа требаше да му помага на татко ѝ. Не сакаше да ја остави мајка ѝ сама по мозочниот удар. Очекуваше од мене да се вратам и да ѝ бидам потпора...

Најпосле ме убеди. Грижата на совест, бледата носталгија што ја чувствував за неа и за местото, за семејството, за барот, за терените покрај училиштето, за животот од едно време засолнето од будните улици, за испитите што требаше да ги подготвувам наспроти сѐ, за сивилото на зградите што се мешаа во коктел чии состојки не ги разликував. Се фатив себеси дека гледам како затвореник низ прозорецот од возот. Да, се враќав. Но со секој изминат километар, срцето сѐ повеќе ми стежнуваше. Го гледав црвениот Фиат Панда 30 како тргнува со пријателите да ја истражува Европа, кон Северниот ‘рт, а потоа кој знае каде. Звукот на вагонот врз шините повторуваше рефрен на бес упатен кон југот.

На станицата беше татко ми. Мина не успеа да дојде зашто имаше проблеми со моторчето. Дома, мајка ми ме пречека на вратата, ме гушна и ми ја измазни косата како да сум ученичe од нејзиното основно училиште.

Ајде, оди да ги измиеш рацете, за две минути ќе ги процедам тортелите.

Џулието ми се мушна меѓу нозе и ме влечеше за рака кон салонот викајќи „цицооо“, „цицоо“: немаше шанса да се научи да каже чичо.

Карло, мојот постар брат седеше на масата во салонот со другите од семејството. Беа дојдени од Лигурија, каде што тој се пресели за да работи на бродоградилиште. Стана, ме гушна. Се потапкавме по грбот, се поздравивме. Празничната атмосфера се разредуваше со прашањата „И како е кај тебе? Што кажуваат таму горе? Ајде бе, тие на северот не знаат што се тортели. А, испитите?“, кои се избришаа од појавата на мајка ми со врелиот лонец полн супа, како да беше божество што требаше да го раздели нектарот на бесмртноста.

Од семејната трпеза, чекор по чекор, миг по миг, еден ден зашиен за еден мирис, еден стар вкус, се најдов на познатата плажа, повторно другар со старите другари, го вдишував топлиот и мирен морски воздух во лето, и, некаде таму испружен, читав под чадор. Мина доаѓаше кога

можеше. Се обидував да ја помилувам со поглед, но рацете ми остануваа неподвижни покрај колковите. Пливав долго и таа расеано ме следеше со погледот од плажата.

Ден по ден им се враќав на заборавените навики, го чистев и го подмачкував велосипедот, го врзував долу. Излегував со Мина на корзото во сабота вечер, со сладолед в рака. Одевме во киното, во кое првпат се бакнавме, за да гледаме некој филм што веќе сме го гледале зимата. Понекогаш пешачев сам по плажата што се протегаше сѐ до соседното село и, при секој чекор, ми се чинеше дека тонам во жив песок.

Потоа ми пристигна разгледница од Норвешка, со пејзаж од место чие име не можев да го изговорам. Поздравите од моите другари содржеа малку зборови на врела црвена крв што ми удираше во слепоочниците, што носеше ветер на авантури и новости, што силно ме повикуваше. Завесата ненадејно се спушташе како на училишна приредба, и сѐ изгледаше лажно како банкнота од три илјади лири. Чекорите одекнуваа на тротоарот во прецизно ехо кое веќе ги опишуваше нештата што ќе ги направев во иднина. Куќата во која ќе живеев, работата што ќе ја работев, клиентите што ќе ги имав, децата што ќе се родеа во бракот склучен во локалната црква, сведоците, вообичаените пригодни реченици. Сѐ беше замрзнато како црно-бел филм со реплики научени напамет.

Во мојата соба имав фотографија од еден стар календар што ја имав врамено: брод што излегува од пристаниште на Јужниот или Северниот пол, студ и снег наоколу. Се чувствував како да сум осуден вечно да бидам закотвен во пеколната жештина на моето село. Почнав со завист да гледам на брат ми Џулио и неговото среќно семејство, на пријателите што се влечеа во барот од недела до недела и зборуваа за фудбал, на татко ми задоволен од продавницата за сувомеснати производи.

И така, дојде септември. Деновите незабележливо се скусуваа. Книгите за испитот што требаше да го подготвувам стоеја на масата, со бележникот што веќе два месеци се наоѓаше на страница дваесет и три. На моите не им беше важно: тие имаа син-студент по право и тоа беше доволно да ја задоволи нивната состојба на пасивно перчење пред познаниците. Се чинеше како деновите да се слеваа низ инка и конечно и мене ќе ме однесеа оттаму. Понекогаш ќе се најавеше такво нешто, но беше како далечно невреме што можеше и да не се случи.

Сѐ додека не заѕвони телефонот. Беше Либеро, сопственикот на црвената Панда и ме прашуваше кога се враќам. Требаше да се продолжи наемот за станот, да се платат сметките и заостанатите кирии и да

се пријави испитот. Малку по малку, поточето на мојот живот на север надоаѓаше и, како при летните дождови, капките се соединуваа и потскокнуваа на песочниот тепих пред морето, ширејќи нови мириси на сува боровина. Тогаш ме обзеде длабок немир што растеше и не ми даваше спокој. На појадокот мајка ми ми ја стави раката на главата како што правеше кога бев мал и од нервоза не можев да ја контролирам ногата што ми играше под масата.

На крајот дојде денот за поаѓање. Беше сив ден, небото имаше некоја недефинирана боја и нималку не наликуваше на онаа јасно сина боја што ги боеше деновите минати кај моите. Температурата значително опадна. Се чинеше како сив кораб да слегол од север да ме врати во моите зимски денови.

Мина сакаше да се видиме насамо, пред моите да почнат да се натпреваруваат кој да ме испрати на станицата. Се обидов да се извлечам со шега, не премногу убедлива велејќи ѝ дека на моите тоа им значи, дека и онака ќе се видевме за брзо, дека не сакав да ѝ додевам, сега кога му беше влошена состојбата на татко ѝ. Причини што звучеа навредливо како лажни изговори. На крајот се сретнавме на нашето место, надвор од боровата шума.  Мина беше многу елегантна, во бело капутче што дотогаш го немав видено. Можев да го насетам трудот што го вложила при подготвувањето зад карминот на усните, свежонанесената шминка, косата што уредно паѓаше на рамената и чорапите што завршуваа во два глужда како на срна, заробени во пар чевли на мала потпетица.

Ми донесе црвено пакетче. Седнавме на оградата како по обичај. Нервозно се насмевнав велејќи ѝ: „Ама што си смислила! Не требало, знаеш дека не сакам изненадувања...“Таа го спушташе погледот на чевлите и, кога го креваше, нејзините светли очи ми ја рануваа душата. Зедов да го отворам со кретенска насмевка на лицето, тресејќи ја главата. Внатре беше еден шал што многу го сакав и мислев дека сум го загубил. И уште еден што ми го сплела таа, којзнае кога. Ја гледав. Образите ѝ беа поцрвенети од ладното и од емоциите. Заобленото чело, грчкиот нос, нацрвените усни, долгата коса што ѝ ги обгрнуваше плеќите. Одненадеж сфатив дека тоа беше наша последна средба. Дека повеќе нема да ја видам. Дека повеќе нема да бидеме заедно. Дека тоа всушност беше збогување. Барав зборови, но не знаев што да кажам. Се обидував да ги запомнам цртите, клетките и боите, со полни гради го вдишував нејзиниот парфем. Како да сакав сѐ да сочувам во моето приватно кино на сеќавањето. Таа ме гледаше без сомнеж, со нејзиниот искрен поглед.

Одеднаш влажноста прерасна во ситен дожд, лесен како шеќерна волна. Немавме чадор. Дождовницата се претвори во бисерен водопад што се плеткаше во косата. Мина се насмевнуваше и веќе зборуваше за нашата следна средба, броејќи денови и возови. Јас живеев во сегашност гледана низ двоглед свртен наопаку. Бев таму придружен од нетрпението за иднината, со свет кој ме чекаше да го истражам и да го искусам, а добриот поглед на Мина ме задржуваше. Не помнам што ѝ реков додека гледав како лицето ѝ се збрчка и како очите ѝ потекоа потоци. Немав храброст да ѝ признаам сè. Не ѝ кажав за Алесандра во Милано. Не ѝ кажав за излегувањата во последните месеци, за ноќите минати кај неа со запалена цигара и поглед во таванот, за ручекот во кујната, голи. Имав желба да заминам. Сакав да трчам низ светот како разуздан коњ. Во исто време, како нож да ме прободуваше во стомакот при помислата да заминам засекогаш. Немаше излез – бев јас, но поделен на две. Двете страни од мене се бореа како Ахајци и Тројанци под ѕидините на Троја. А знаев дека нема никаков Ахил што ќе стави крај на војната.

Се обидов да одглумам најдобро што можам, зборувајќи за сè помалите можности за работа, за зовриениот пазар во постојано движење, за кариерата, за патувања во странство, за очекувањата, внимавајќи притоа таа да не биде исклучена од сето тоа. Мина внимателно ме слушаше. Многу добро ме познаваше за да не прочита меѓу редови. Повремено се насмевнуваше низ солзите кои ги бришеше со раката, вртејќи се брзо за да ги скрие.

Одеднаш, се најдовме на крстосницата каде што ни се двоеја патиштата. Овој пат Мина не очекуваше да ја испратам, ниту, пак, јас се понудив. Рече само: „Треба да одам“ и ме гледаше. Остана така за кратко, како врапче што чека дождот да престане за да го продолжи својот лет. Изгледаше како сиот свет да беше впиен во тој ранет поглед.

Ја видов како заминува со рамениците собрани како да носи претежок товар, затворена во нејзиното бело палтенце.

Никогаш повеќе не ја видов Мина. Брат ми еднаш попатно ми кажа дека се омажила со некој инженер, многу постар од неа и дека немала деца. Си ја замислив лошо остарена, без семејство какво што посакуваше, без големата љубов и без забавниот живот што си го ветивме.

Злото што го нанесуваме останува во нас, расте како троскот, нè рови, нè гуши и нè ранува по години, многу повеќе од злото што ни е нанесено. Додека тоа капутче исчезнува низ улицата, однесувајќи ја

Мина, сѐ помало и помало на хоризонотот, го чувствувам како расте со секое збогување, како чудовиште што ноќе ме расплакува.

Превод: Марија Муратовска

# Прекината каденца

*Во музичката теорија каденца е*
*мелодиско-хармонска формула*
*со која се завршува една музичка мисла.*

Си го гледаме одразот во прозорецот.

Купето е празно. Се преправам дека го читам мојот труд од патологија; дури и подвлекувам додека куќите ни прелетуваат пред очите.

Таа расеано ги прелистува своите белешки. Погледнува надвор, со лесно движење ги остава листовите на седиштето до неа.

Ни се вкрстуваат погледите. За миг. Потоа со молскавична брзина се свртуваат.

Требаше да кажам нешто учтиво. Но немав сила, иако таа топло го прифати моето наметнување. Мора со тешко срце да го проголтам враќањето, а зајдисонцето над морската шир ја сосекува желбата за комуникација.

Излегувам во ходникот да испушам една цигара и не знам дали болката во грлото ми е поради чадот или е грутка поради меланхолијата.

Пред очи ми прелетуваат модрикавите пејзажи и маглата во далечината.

Љубовите. Размислувам за сите љубови, скриени зад осветлените прозорчиња кои парадираат со вртоглава брзина. Сите луѓе, сништа, несреќи и човечки судбини кои не ни сонуваат дека постојам. Кујни со поставени маси, вечери со вклучен телевизор, прозорци кои се палат прелетувајќи како стрели, осветлени конфети на туѓи непознати животи, илјадници и илјадници затворени во сопствените кутии, со срцата меѓу коските.

А тие очи, за кои секогаш се вели дека се место каде се раѓа љубовта, нема да имам време да ги видам.

Се враќам и седнувам спроти неа. Ја удирам со стапалото и ѝ се извинувам. Ме загледува на момент. Повторно се нурнува во читањето.

Не сакам ништо. Сакам само да го пробијам тој ѕид од тишина што нѐ опкружува, да почнам веднаш, но што и да кажам би звучело како обид за додворување.

Надвор, малите далечни ѕвезди на дамнешни животи се распослале во темницата.

Потскокнување, попатна станица. Се качува по некој патник. Отсечен удар, и во купето влегува еден црнец со огромен куфер. Тивко се сместува. Веднаш потоа се појавува едно високо момче, со марама околу вратот и торба. Прашува „Слободно е ова?“ и покажува со прстот.

Тишина полна со можности, прекината од мали практични потреби.

Таа станува, му прави место да помине и повторно седнува, местејќи ја долгата права коса на едната страна.

Возот повторно тргнува и таа им се навраќа на своите белешки. Бара поудобна позиција, ги прекрстува нозете неколкупати. На крајот станува и излегува од купето.

Седам како здрвен и парализиран од страв да не ја изгубам тукутака, без да знам ниту како се вика. Потоа ја здогледувам книгата што ја остави на седиштето, сосе белешките и кожената папка.

Ги погледнувам сопатниците, потонати во својата тивка самотија.

Насловот не се чита, работ е свртен кон потпирачот од седиштето. Со лажна природност и лесна рака, ја земам книгата, на корицата има мачка со младенче в уста, ја вртам низ раце за да ми зборува за неа. Насловот „Во потрага по изгубеното време“ звучи како прекрасен акорд, прелудиум на една музичка фраза отворена кон различни понатамошни развивања. „Во сенка на девојките во цутот на младоста“.

На првата страница името: Франческа Силј.

Вратата наеднаш се отвара.

Ме гледа весело, љубопитно, со прашален поглед. Ѝ ја подавам книгата, обидувајќи се да се насмеам што е можно посимпатично.

„Убава, и јас ја имам прочитано“. Веднаш се фрлам во огнот зашто таа е страствен љубител на ”*Recherche*”, иако вели дека не ја разбира сосем книгата и дека долго време упорно се труди да ја одгатне.

Едвај сфаќам за што зборува од она што е напишано на задната корица, па се обидувам да ја сменам темата, а би сакал да ѝ признаам дека и јас, исто така, сум во потрага по моето изгубено време и по смислата на лежерноста на тие мигови, висечки мостови помеѓу две земји со свои морални норми. Тука и сега би можеле да се пресоздадеме, соблекувајќи ги нејасните претстави за себе. Да ги скратиме формалните запознавања и да си кажеме „Немаш поим колку те чекав!“, место со глупава насмевка да го кажам моето име „Енрико“.

Неочекувано се вмешува последниот патник што ни се приклучи во купето. Од Париз на Пруст, темата на разговорот се префрли на јавниот превоз, на фантастичното париско метро безмилосно споредувано

со она во Рим. Потоа, на урбанизмот, на сообраќајот, на незаконското градење, на новите населби.

Архитект е и очигледно сака да остави впечаток на неа. Го слушам како попува: „Проблемот во Милано е што периферниот појас на градот... проблемот пак со Неапол...“. Се чини многу запознаен со проблемите на сите, и за секој проблем има лек.

Се повлекувам во достоинствена тишина набљудувајќи ѝ ја златната коса, аристократските црти, рацете како на уметник.

Има свој начин со кој го пополнува просторот, седењето со нозете свртени на едната страна од седиштето, смеењето навалувајќи ја главата на едната страна, одобрувањето со поглед.

Наеднаш ме прашува дали свирам и конечно се гради мост за комуникација, дрвен, цврст и широк, што мириса на нежна искреност. На неокупираното поле на нашите музички вкусови се создава кревка интимност на која ѝ е доволно само да влеземе во тунел за да се разделиме дезориентирани, не задржувајќи ја нишката на разговорот.

Свири флејта, јас виолончело. Но таа, се чини, сериозно е навлезена, јас пливам во светот на наивните аматери. Којзнае што би можеле да свириме заедно, дали има убава музика за нас, дали некогаш би биле сплотено дуо.

Разговорот, како и обично, лебди на површината. Зборуваме за методи, конзерваториуми, професори.

Архитектот демне момент на пауза за да се вплетка меѓу нас.

Искористува еден мој коментар за настава и умешно напаѓа со попување за новите проекти за градење училишни објекти, амфитеатри, паноптикум и други апсурдности. Излегува од темата, губи тло, а јас се радувам како фудбалер што дал гол. Но Франческа не го брани нашето поле. Слатките маслинесто зелени очи се подзатвораат следејќи го правилниот ритам на движењето по шините. Потоа целосно му се предаваат на длабокиот сон.

Ѝ ги гледам усните, рамномерното дишење, благиот трепет на раката. На црниот ѕид од прозорот, погледот ми се вкрстува со оној на архитектот. Господе, веќе сум љубоморен.

Динг – донг. Разгласот ги повикува љубезните патници да се послужат во бифето во вагон-ресторанот на почетокот на возот и со безлична љубезност им посакува пријатно патување.

Никогаш не им верувам на целофанските гласови што промовираат пластична среќа. Не мислам на автентичноста на производите на *Мулино*

*бјанко,* туку на конзервираната храна, обработена на начин да има секаков вкус, што ме растажува исто како и циркуските животни.

Па сепак, ја гледам Франческа дека е мирна, господарка на своите желби, ја запира подвижната количка и се ценка со продавачот.

Така сендвичот во рака и газираната имитација на цеден портокал стануваат најсочниот и највкусниот оброк што може да го замисли.

Љубезно прашува дали некој сака да проба. Не можам ни да помислам, едвај дишам. А таа, дури и сендвичот го загризува со природна мекост. Ме потсетува на мојата детска наивност кога верував дека жените никогаш не одат во тоалет од проста причина што немаат потреба, како тоа да е дамка, срам што му се припишува само на машкиот род.

Елегантно ги тресе трошките од кошулата, собирајќи ги во хартиено шамивче и го става во посебно ќесе. Ете. Маѓепснички трик.

Напад на кашлица го прекинува мојот противник во своите лекции за чудесните структури во форма на кафез на облакодерите во Чикаго. Црнецот станува, симнува долу некаква кеса и тешкиот куфер. Архитектот се нуди да му помогне, станува. Заедно го извлекуваат товарот надвор. Во ходникот се создава метеж; други патници се упатуваат кон крајот на вагонот. Поминува и контролорот, ни ги поништува билетите, механички продолжува од едно во друго купе, со запуштен изглед, во неговата задолжително патување.

И во еден момент станувам свесен дека и таа се подготвува.

Некој нејзин гест веќе ми кажа дека ова е крајот на нашето видување. Ја гледам како ги прибира белешките и „изгубеното време“ во папката од оветвената кожа, ги одмерува движењата и просторот. Еден поглед додека ја преместува косата на едната страна, и насмевка. Ми ја подава раката: „Збогум, Енрико“. Се поткрева во ходникот како да бара некого. Гледа лево-десно.

Возот зачкрипува. Застанува.

Секој миг е заледен од мојата неспособност да ѝ кажам нешто, да ја застанам, а таа е веќе надвор од вагонот и ми кимнува во знак на поздрав.

Останувам во празното купе со мозок што ми работи со сто во секунда, во потрага по идеја, изговор, храброст, за да одам по неа.

Го спуштам прозорчето и ја барам во сивиот метеж, додека во устата ми се тркала горчливиот вкус на нејзиното име.

Далеку е, свртена со рамената, со папката и со удобните мокасини.

Позлатената коса сè уште ми трепери пред очи.

Превод: Драгана Марковиќ

# Аква Ачетоза[1]

На времето, кога секој ден одев да тренирам на стадионот Аква Ачетоза за да станам најдобриот тркач на средно растојание на светот, еден ден, на скалите од црвена тула на влезот на патеката, го здогледав Рафаеле. Одамна го немав видено.

Честопати тренирравме заедно во маалскиот парк, трчајќи неколку круга од по 1000 метри, испуштајќи ја душата, таму, пред сите, рамо до рамо. Понекогаш ќе се видевме на стадионот и заедно ќе излезевме на „долг тренинг“ од над дваесет километри, а на враќање одевме да пиеме вода од чешмичката на стадионот Аква Ачетоза. Водата беше киселкава, а на една стара плочка беа напишани нејзините лековити својства за желудникот, бубрезите и црниот дроб. Чешмата беше многу пониска од нивото на улицата и за да се стигне до неа се слегуваше по едни широки скали, како за кочии. По нив трчавме со весела возбуда, испотени и задоволни. Понекогаш разладувањето се претвораше во шега, прскање, плискање со вода и смеење.

Рафаеле се разболел од тумор на црниот дроб. Ми раскажува за неговата болест: „да му се сневиди, замисли, никогаш немав никаков проблем“. Зборува за себе во минато време.

Потоа јас се враќам на патеката зошто морам да ги почитувам кратките паузи на одмор меѓу трчањето. Набрзина го поздравувам и одам на линијата која означува 500 метри. Слушам како ме довикува: „Марко!“ и од далеку гледам дека ми мавта со раката. Останува во истата позиција, како здрвен, на стартната линија на крајот од патеката. На лицето има чудна насмевка. И јас ја кревам раката. Потоа почнувам да трчам по црвениот прстен на стадионот. Пристигнувам на целта, него го нема. Се вртам за да го побарам. Гледам да не е случајно на трибините или на излезот. Но, како да исчезнал во воздухот, го снема.

Дури отпосле сфатив дека дошол да ме поздрави за последен пат и да се збогува со атлетскиот живот.

Дури отпосле се обидов да се ставам на негово место и да отидам на теренот знаејќи дека ми преостануваат само два месеци живот.

[1] Спортски центар во Рим со буквално значење „кисела вода“

Одвреме - навреме помислувам на зборовите што не ги кажав, на неговиот тажен и помирен поглед. Го гледам таму, како ме поздравува од далеку. Уште го чувствувам во устата киселиот вкус на таа вода.

Превод: Андријана Русеска

## Жал ми е што заминуваш

„Жал ми е што заминуваш, но мора да мислиш на својата иднина". Со години, оваа реченица ми одѕвонуваше во ушите. Ја изусти баба ми на прагот на нејзиниот дом, кога отидов да ја поздравам пред да заминам кон еден град на север. Ме примија на воена академија за да студирам медицина. Го напуштав градот, куќата во која израснав, за да се впуштам во животните авантури.

Баба ми имаше 75 години. Тогаш ми се чинеше многу постара, јас свеж и росен, осумнасетогодишник, кој за првпат се испилува надвор од својот дом.

Сега, кога поминале толку години.........

Би сакал да се вратам назад, да ја гушнам баба ми и да ѝ речам: „Бабо, не одам никаде. Оваа иднината за која требало да мислам е ужасна и тешка како камен, а моите крилја не се доволно цврсти. Ќе паднам во трње и не ќе можам да се извлечам, ниту пак да летам. Никогаш повеќе. Можеби е премногу висока гранката на која ме сместија. Наместо тоа, ајде да се дружиме. Ќе си седнеме пред телевизорот да го гледаме вечерниот филм, а потоа ќе го коментираме малку заедно. И никој нема да нè повреди. И ти нема да се разболиш, нема да доживееш мозочен удар, ниту пак ќе ти се крева притисокот. А јас нема да видам како палецот на раката неконтролирано ти се тресе. Нема да има никаков болнички кревет од кој ќе викаш: „Отворете ги прозорците! Ја слушате ли музиката? Поминува музиката! Тоа е музиката од Кјети, музичарите. Слушнете колку е убава! Зошто го затворате прозорецот?

Не затворајте го прозорецот! Има музика!" И нема тивко да заплачеш: „Тука никој не ме сака, никој...".

Нема да има потреба да те разубедувам, а ти сè уште ќе ме викаш „Злато бабино". Нема да те видам како лежиш в постела без сеќавања, без зборови. Нема да ти ја подадам таблата за да те натерам да го напишеш она што го мислиш, а не успеваш да го изустиш. Нема да го видиш хоророт на тело што се распаѓа во делови и мозок што повеќе не реагира, мирисот на темјанушка како утеха на тагата од брзото патување кон смртта. Нема да ти ја земам раката која се тресе, веќе без мисла, без осет, несвесно, на таа проклета постела на тишината.

И јас нема да паѓам илјадапати на една угорница која не води никаде, нема да го следам сонот за бесполезна слава, нема да се затскријам зад илјада лица и илјада различни насмевки и прегратки, без љубов. Нема да

се вратам дома поразен. „Жал ми е што заминуваш, но мора да мислиш на својата иднина“. И сега кога иднината е мината, реченицата ме ранува со тага.

Превод: Анастасија Поп Стојанова

# Асимптоти

Асимптоти. И така, асимптотично, година за година, се доближувам до решението. Едно сеќавање испливува од некоја огромна и меланхолично несоодветна далечина од книга по алгебра за средно. Асимптоти. Навистина ли никогаш не се допираат овие тажни линии, наклонети кон нивната права како отфрлени љубовници? „Се доближуваат, се доближуваат сè повеќе и повеќе, без никогаш да ја достигнат целта. Никогаш“, гргореше гласот на мојот професор по математика. Слушни како звучи: НИКОГАШ. Не е како она англиското малку зачаурено NEVER. Уште подобро, напишано како што се изговара, NEVA(R) со она затскриено и **ск**укалено Р на крајот од низата. Обиди се да изговориш НИКОГАШ. Ја исполнува устатата, се распрснува во вечноста. Таа буква А што како стеница го дуе прилогот накај осилките на буквата Ш, која ќе ги оддува сите „ако“, „можеби“ и сета идна надеж.

И добро, првата љубов. Странец во родната земја, наконтен како гуштер на отсуство, талкав низ Фиренца со нож како на принц и ганц нова униформа. Минувајќи, еден пар ми дофрли подбивно „Не ли заврши карневалот?“

Таа коса со медова боја што паѓаше врз црвениот џемпер, неколку реда понапред во предавалната по анатомија, ме имаше пленето и оддалеку ме смируваше, ја ублажуваше омразата на многумина кон нас, студентите во униформа – „сината дамка“, како што нѐ нарекуваа. А и должноста на општата гимназија која „образува“, мала дружина добродушници што си ги потопуваат рацете во крв и во болка за да бидат општествено корисни и да му помогнат на човештвото.

Деновите врват тешко, далеку од семејните навики на еден младинец кој за првпат зачекорил во белиот свет. Зорите модри од изгубениот сон, ноќни марширања на колена по наредба на „постарите“ во ходниците на Воената академија. Идиотштината на тиранијата на постарите, издигната на ниво на ритуал на иницијација на цивили што треба да станат офицери. Во иднина. Во некоја далечна иднина. Офицерите: вонземјани пред кои треба да паднеш на колена.

А другари, едвај неколкумина, на прсти да ги изброиш: бедници како мене, со задача да преживеат. Едни на други си го чуваме грбот, но ние сме затруена дружина: набргу ќе почнеме меѓусебно да се бориме за внатрешно рангирање, за поени што обезбедуваат посакувано место или

бездна на воени мисии во тешки услови, далеку и од Бога и од луѓето, кога еден ден ќе бидеме воени доктори-капетани.

И така, покрај толку гомнарии за чие варење ти треба навистина јак стомак, тој мед ми доаѓа како сладок мелем за мојата потреба од љубов. Почнувам да седам блиску до неа, сè поблиску и поблиску. Конечно до неа! Професорката Бани-Саки расправа за митохондрии и рибозоми со еден стап долг три метри што гребе по слајдовите.

И така, доаѓа големиот ден.

Излегувам од предавалната додека трае предавањето – помеланхоличен од обично, го потпирам челото на стаклото како Елеонора Дузе во едно оловно утро со надеж дека таа ме следи. Добро е, доаѓа до мене. Што се случува, што ми е. Ми се плетка јазикот додека ѝ објаснувам за изгубеноста, истоштеноста и кршењето на сништата, таму на бетонскиот под на академијата.

Таа ме гледа, ми се насмевнува.

На следното предавање по анатомија седнуваме во последниот ред. Мојата рака ја допира нејзината. Наредниот миг рацете ни се преплетени. Смотано се насмевнувам. Ме прашува зошто, да не сум си поигрувал со неа.

„Зашто сум среќен“. На излегување бакнеж како на успорена снимка или, поточно, јас така го имам видено повеќе пати во моето приватно кино на сеќавањата.

Токму при полетување ризикуваш најмногу. Можеш да ја погрешиш рутата, да изгубиш контрола, да се урнеш. Плашливото искуство тажно нè учи на ова. Ама во тој миг: јуриш! Наметката, мечот, каде е коњот со кој ќе го освојам светот? Имам осумнаесет години, униформа, испланирана и обезбедена иднина. И сакав да се женам. Мечтаев за нашите деца што никогаш немаше да се разболат затоа што и двајцата ќе станеме доктори. Доктор. Хирург. Чудотворец. Делириум од семоќност. Затоа што доброто победува, а злото губи. А тоа „доброто“ ќе бидеме ние и ќе го откорнеме од земја сето зло како отровна билка. Сакав да се оженам, и со мојата детска чиста наивност верував дека и таа го посакува истото. Со сите мои убави планови ја прегрнав во 14-ката што возеше до станицата и ѝ ја раскажав иднината. Ние венчани по дипломирањето. Ние и нашите деца. На остриот саркастичен бодеж во нејзините зборови „Толку си сигурен во тоа?“, тогаш не му обрнав внимание. Подоцна, заедно со многу други детали, постепено се појави под лупата на зрелоста и на иследничкото сеќавање. Асимптотично.

Првиот ладен туш ме стигна веднаш и здраво се измачив за мојот авион да не удри веднаш во планината на реалноста. Убави, но несвесни за нашата несреќа, седевме еден до друг на клупа во градината на клиниката. Првите доверувања, првите зближувања, првите интимни мигови. „Дали си спремен?“, ми вели. БАМ. Циглата од нигде никаде ме удира право в лице: има друг веќе три години.

Три години: па тоа е целиот мој свесен живот, и љубовен и нељубовен.

„Се вика Лука“.

Не дишам. Ми се врти. Си го враќам во мислите бакнежот од пред некој ден (и уште колку години ќе го правам тоа...). Ништо не се запрашувам, едвај дишам. Воопшто не сум подготвен.

Ама, ама... Мора да има „ама“.

„Ама, знаеш, работите не одат баш најдобро, напротив...“

Одново дишам. Ѝ верувам, верувам во сѐ, пијам од изворот на нејзината вистина, ниту за миг не се запрашувам дали е питка. Сфаќам. Секако, прашање на време е. Не може да го остави сега, кога татко му е болен, а и семејствата се познаваат, Понтасиеве е мало место.

Смирен, држејќи ја цврсто за рака се упатувам кон следното предавање. Мојата љубов е сино ведро небо: се разбира дека нема еден минлив облак сѐ да уништи.

Еве нѐ овде, се бакнуваме меѓу предавања на последниот кат на библиотеката обземени од возбуда. И во градината на вилата спроти болницата, и на станицата, и во возот за Понтасиеве, каде што ме казнуваат зашто немам билет. „Ех, заљубен изгубен!“, вели контолорот.

Тука е и стравот од казна, да не ми ја одземат дозволата за отсуство. Оттука и паниката да изгледам средено и да бидам точен: чевлите, појасот, ножот, будилникот, кревање на знамето, распоредот.

Сѐ само да не ја изгубам шансата да ја видам, макар и на еден час со сабота попладне.

Доаѓа и моментот на првото отсуство, крај на игрите за мачење гуштери. Еден од постарите ми ја стега раката. Станувам еден од нив, ѝ се придружувам на дружината. Конечно сум маж.

Прво отсуство. Божиќ.

Право дома за да видат колку сум пораснал, да ја видат униформата и сѐ останато. Татко ми ми го позајмува автомобилот, ме чести виски. Недостасува само уште цигара, но престана да пуши. Веќе сум возрасен.

Имам убави фотографии со целото семејство во градот на уметноста каде што дојдоа да ме земат за заклетва. Среќни, секој сосредоточен на

сопствената улога. Јас оваа капа не ја симнувам, па макар пробале и скалпот да ми го одерете. Ги поздравувам војниците на отсуство за да видам како ќе реагира сестра ми. Се враќам дури и во градската гимназија, во свечена униформа, со ножот на појас, да ги поздравам наставниците од младоста и да добијам аплауз. Што да кажам? Ужас.

И за време на отсуството ми пристигнува и првото писмо. Намирисано и долго. Сè уште си го чувам. Сето розово со нејзиниот заоблен и самобендисан ракопис. Наликува на принцес крофна. Како е возможно едно такво претопување на душите? Зборувајќи за себе, го кажува токму она што јас го чувствувам. Таа е мојот одраз со женски лик. ТЕ САКАМ, никогаш го немав изустено. Тоа не е празна, излишна и филмска фраза: таа е точна. И сега ја вкусувам вистински за првпат.

Два дена пред крајот на отсуството, тој мирис неодоливо ме влече кон нејзиниот град. Која птица доброволно се враќа во сопствениот кафез? Јас летам натаму. Ќе можам повторно да ја видам и прегрнам. Нема огради ниту ѕидови, сè е ново и бајковито, создадено за мене и за неа во нов постанок.

Понте Векијо, минувачите, излозите: поставени отсекогаш само за нас. Ама...

Ама, на телефон таа ме пресекува: не може да ме види. Има за учење.

ИМА ЗА УЧЕЊЕ?!?

Се спушта завесата. Сам сум и бесцелно се влечам низ центарот.

Влегувам во киното покрај Палацо Пити. „Рајската порта“. Насловот, се чини, ветува. Но, проблемот е во збрката од сцени залепени туку-така. Мислам дека кинооператорот го измешал редоследот на филмските ленти, кои течат неповрзано и со вртоглави временски скокови.

Во салата се вклучуваат светлата и мојот заталкан поглед се вкрстува со погледите на еден возрасен пар што седи до мене. Се обидуваме заеднички да реконструираме некаква приказна. На крајот, на тротоарот пред барот каде што ги честев пијалок (така прават возрасните, нели?), ме обзема некоја жестока меланхолија. Возрасниот пар, кој го присвоив како привремени родители, можеби повеќе од мене има потреба од друштво; но, господинот, со крајно одмерено достоинствено движење, го вади часовникот од џеб: „Доцна е веќе, треба да одиме. Мило ми е што се запознавме“, и ги гледам како бавно, многу бавно исчезнуваат на крајот на патот на мојата бесполезна сабота.

Се враќам повторно во клупите за да го подготвам испитот по анатомија и неколку дена подоцна писмениот испит по физика.

Еден другар од касарната што повеќе го бива, Алберто, ме зема под свое и ме клука со изводи и интеграли. Голтам како гуска без да разберам, но се прилагодувам. За ништо на светот не би дозволил да изгледам како класично дрво по математика: светот на науката ме гледа. А и таа. Така го положуваме писмениот дел.

Ретко излегуваме. Нашето време е меѓу часовите, а често и за време на часовите. Седиме прегрнати, си пишуваме љубовни писменца меѓу коските на вежбите по анатомија.

Доаѓа нејзиниот роденден.

Ја вложувам мојата студентска заштеда во еден златен ѓердан. Едноставен и елегантен. Првпат влегувам во златарница и се чувствувавм како да не припаѓам таму.

Кога ѝ го давам подарокот на нашата клупа пред клиниката, таа се опира да го отвори. Не разбирам, но има некаков отпор што не можам да го објаснам. Нервозно се смее. Конечно ја кине хартијата. Смеата станува хистерична. Тајната лежи во тоа што нејзиниот Лука веќе ѝ подарил златен ѓердан (колку само оригинално! Секоја чест, момци!).

Го кријам разочарувањето, понижувањето. Патетично се бранам така што влегувам во беспотребен натпревар на далечина: мојот ѓердан е поубав од неговиот.

Карневал. Забава со задолжителна маска на која сме поканети тројца: јас, Алберто и уште еден од нашата група. Се појавуваме во униформа, со кеса со маскирните костуми што самите ги направивме. Се мушнуваме во бањата за да се пресоблечеме. Алберто излегува маскиран како погоден од експлозија, со будилник околу вратот и пижами врзани со јаже и разни други тракатанци и џиџи-миџи. Другиот е преправен во петел, костум што јас го смислив, со црни хулахопки и рачно изработена шарена опашка, која го оправдува прекарот и неговата специјалност: имитирање на пердувестиот. А јас пак сум диригент. Носам гитара и фрак од чичко ми. За жал таа вечер, а и потоа, не се покажав баш како некој диригент.

И таа е на забавата. СО НЕЈЗИНИОТ ЛУКА! Рака под рака. Мојата глава прави инстант слики кои сè уште ги чувам: нивните испреплетени раце, нејзиниот поглед што ми бега, кикотењето на две колешки.

Како успеав да не обрнувам внимание на сето тоа и да останам таму цела вечер? Да видиме:

1) Мојата чест пред другарите: не ми е гајле, јас сум супериорен, која е таа?!

2) Убедувањето дека таа всушност е жртвата: сакала да го остави, но родителите не биле за тоа, ситуацијата не дозволувала, татко му бил болен итн.

3) Љубовта е слепа (добро де, ова беше боза!)

4) Бев вистинска кукавица.

Би сакал да грешам, но мислам дека добар дел од публиката ентузијастично го одобрува четвртото тврдење. Аха, но кој беше сведок на нејзините неми негодувања во кујната каде што се бев скрил за да свирам гитара? А и наредните денови: „Му кажав, знаеш? Рече дека не е важно, дека сум се затрескала: решен е да чека да ми помине“.

А љубоморните испади? Каде да ги ставиме? На крајот на предавањето по хистологија бесно си заминува. Јa следам вчудоневиден. Моево е едно бескрајно, безизлезно редење. Што е што е што е сега. Што се случи. Што е. Може да знам што се случи? Одненадеж ме напаѓа. Со неа нема да си играат играчки две-три шмизли. Се чувствува како марионета (таа!), многу убаво видела КАКО МЕ ГЛЕДА СОФИЈА!

Софија беше една мила другарка, која на времето не ја удостојував ниту со еден поглед, целосно заслепен од медово-русата коса. За жал.

Еден задоцнет поздрав до Софија.

Одеднаш, обземена од својот ораторски занес, заостанува зад нервозното војничко темпо на чекорот до тој миг. Ритамот ѝ бега, воздивнува, успорува. Како локомотива на последните неколку метри од станица. Го слушам чкрипењето на тркалата врз шините. Застанува.

И јас.

Расеано гледам наоколу.

Не разбирам, но се нервирам. Како е можно таа да се лути кога јас преживувам забава која се чини дека е приредена за да ме полуди, таа рака под рака со Лука, ѓерданот број два и сето она што веќе го знаете?

Ееее, но, не знаете баш сѐ. Додека стојам таму преплавен од емоции, таа туку така, ми вели дека мора да оди. Забележувам една црвена Фиеста на излезот. Одеднаш сфаќам (крајно време беше!). Ете зошто застанала: на педесет метри од излезот, ја чека тој со запалена кола. Но, доцна е, таа веќе ми вели: „Се гледаме“.

Јад, болка, очај. Ги вкусувам постепено сите стадиуми на љубовната болка. Талкам како дух низ ходниците на академијата и ѝ пишувам.

Ѝ пишувам една лигава порака во која се жалам за нашето нагло и безнадежно оддалечување. Ѝ ја давам на следното предавање по хемија.

Проблемот е во тоа што нашите елементи повеќе не се поврзуваат, или подобро кажано, во нашата врска јас сум слабиот елемент.

Оваа и многу други псевдонаучни идеи ме јадат, додека таа, откако ќе ја прочита пораката, останува така да седи без ниту да ја крене главата, без да каже ниту збор. Го затвора пусулчето, си ги мести очилата и повторно ја отвора тетратката со белешки по хистологија.

Предавањето продолжува.

Повторно се наоѓам на патчињата на поликлиниката со суви дрвца. Потоа во библиотека. Таа се затвора во неумоливо молчење. Би сакал да зборувам со неа, да разјаснам: „Имам за учење“. Во мене надоаѓа една глува, слепа и разлутена, но за жал не и нема плима. Течат од мене млазови црн отров: претрпени понижувања, преспани кревања знаме, уплав од неоправдани повремени казни; а потоа и постојаните задевања од другарите, страв да не ја изгубам, страв од испитите за полагање, исклучување од академијата како казна. Штедро го расфрлам семето на убава мешавина од арсеник и стрихнин врз нашата љубовна зима.

Таа гледа колку е часот, станува и си заминува: има предавање во хистологија.

Што би направила на мое место една разумна личност? Би рекла само „Оди во мајч..“ од сè срце, нели? Наместо тоа, јас стојам зашеметен една минута, а можеби и помалку. Всушност помалку од минута затоа што излегувам со светлосна брзина и ја стигнувам на главната патека и ѝ се извинувам. Да, да... добро прочитавте. Затоа што таа не ги заслужува сите тие осудувања; не, не... јас сум избувливиот и така натаму. Би сторил сè за да ја зачувам целината на оваа вазна која се сронува во срчи.

Се согласува великодушно да зборуваме на мостот на езерцето пред Институтот по анатомија.

Не гледајќи ја, ги снимам нејзините зборови, еден по еден, како драгоцени камења на круна: „Знаеш, Марко, имам друг“. Меѓу остатоци од медицински отпад од канализацијата тече една кафеавкаста река. Не можам да го тргнам погледот од таа отпадна вода што на места потпрснува под нас. Сè се замаглува под леќите од солзи. „Абе, ајде! Зошто таков израз? Ама се шегував!“

Се шегувала?

Во делириум од самоуништувачка искреност ѝ подавам една тетратка на која ѝ ги доверив сите тајни од времето на разумот: накратко, класичен личен дневник, „secretum“. Ова е смел потег: ѝ го давам в раце мојот „живот“ за да го спојам со нејзиниот, топејќи го во сегашноста минатото,

кое конечно има смисла и некаков правец. И кој е резултатот? Два дена подоцна ми ја треснува тетратката на маса во библиотека. Полна со подвлечени реченици и забелешки. „Јас, замисли, поверував во еден сон... како е можно толку да си се сменил за толку кратко време?“

Сè е прочитано и протолкувано наопаку. Јас испаднав третокласен женкар, обичен лудак кој ги искористува и ги остава девојките. АААAaaaxx!

Целото попладне и следните денови ги минав во објаснување, изложување подробности, радиолошко анализирање реченици, епизоди и сведоштва од мојот физички и сентиментален развој. Како во кафкијански процес, се изложувам на ова пречитување, обременето од непознато чувство на вина. Невин сум, се колнам!

Но на крајот мојот судија, иако неволно попушта,и ги брише од тетратката своите зборови на изневерена жена, изрекува неотповиклива пресуда и во тишина ќе ја спроведе казната.

Утро, 24 март. Сиво е и влажно во шест часот, додека се врткам по патеките околу факултетот.

Во тишина марширам кон Институтот за анатомија: на бруцошката лотарија ми се падна неблагодарната задача да ги пријавам испитите на моите колеги.

Од болничките ѕидови се одбиваат чекори и мисли. Особено една сурова: што ако ова не е мојот пат? Што ако не сум роден за да бидам воен доктор-капетан? Што ако само трошам време во следење некоја цел која ме оддалечува од самиот себе?

Како огнен меч ми го сече мозокот и срцето. Секогаш велев дека сакам да ги лекувам и да им помагам на другите. Доктор чудотворец, допир кој лекува, поглед кој продира во болката и ја искоренува заедно со нејзиниот отров. Потоа таа што ми е сè во овој туѓ град. Моите, кои се далеку и веруваат во мене.

Се сепнувам со еден ужаснат скок. Продолжувам да одам во тишина кон испитот по анатомија, добро завиен во зимската униформа.

Вечерта излегуваме да прославиме: јас и таа во пивница. Идилична сцена: на масата, среќен и намирисан ја гушкам со поглед, ѝ ја стискам раката. Весел сум, живнат и палав. Станувам за да изберам сенф и ѝ носам пет различни видови на мојата сакана. Каков го сака, каков ме сака: од благ до најјак, доволен е само еден нејзин знак. На еден подметнувач со везен ракопис ги пишувам нашите имиња и датумот. Има нешто возвишено, свето во нашите движења. Или барем така ми се

чини. Можеби веќе овде, во нејзината воздржаност, во нејзиното повлекување на моите шеги, кои, така обземен, ги толкував како карактерна особина, беше скриено нејзиното отфрлањето на една за неа тајна љубов полна вина.

Огреан од мојата радосна љубов, заслепен од медените зраци на нејзината коса, не гледав ништо и ништо не допираше до мене. Ниту групата пијани странци кои се мајтапеа со мојата униформа обидувајќи се да ја освојат убавата Италијанка. Тешко ним! Стоев таму со ножот в рака, спремен да ја бранам честа; не можеа ниту да замислат каква ѕверка може да излезе од тоа момче во сино.

Потоа возот за нејзиното село, на кој секогаш стигнувавме со доцнење, како и последниот пат (ама ова ќе го раскажам подоцна). Во брзањето по една импулсивна одлука да ја придружувам, грижата за непоседување билет – како што рече контролорот, сум ја смачкал како здодевна мува. Таман работа: бев во состојба да ги ставам на проверка правилата на сите академии заедно, па сега да запирам пред една парична казна?! Работата беше во тоа што немав пари за билет: таа вечер јас честев за да го прославиме завршениот испит, љубовта, заедничката иднина. Но, ништо не го интересираше контролорот и морав да слезам на следната станица. Таа не смееше да задоцни. И така неславно, сам и по малку тажен, ја завршив нашата свечена вечер под дождот, на една станица во периферијата.

Не знам зошто, но за тој период врзувам една епизода без допирни точки со приказнава. Со истиот минибус кој наутро нè возеше до универзитетот, јас и другарите така во униформа навечер одевме на курс по англиски јазик.

Низ прозорците на тој подвижен кафез гледав како се нижат убавите брестови на булеварот кој водеше кон градот. На главното шеталиште во центарот минуваа весели и слободни луѓе: осветлени од излозите на продавниците, делуваа среќни и безгрижни. Без распореди, без униформи. Слободни.

Една вечер автобусот пристигна подоцна од вообичаено. Се качивме изморени и премрзнати.

Чекајќи така, како што правев по навика веќе извесно време, се прејадов со принцес крофни и топло засладено млеко во еден суперлуксузен бар слаткарница.

На враќање, на булеварот видов редица проститутки: убави, со градите на мегдан, натпросечно високи. Автобусот живна: возачот и

неговиот колега, кои неволно ги извршуваа војничките должности, збудалеа. Еден слегуваше да се ценка, друг свиркаше, трет ширум ја отвораше вратата за да има подобар преглед. Нашето враќање се претвори во вистинска голгота. Се чувствував како да не припаѓам таму: бев понижен од тој натпревар на мажи-војници во лов на женски и не можев да го поднесам нивното подбивање.

Она што сепак ја одбележа вечерта беше сознанието дека тие всушност не беа жени, туку мажи, мажи трансвестити. Изгубив десет илјади лири кладејќи се во полот на проститутките, а можеби и нешто друго: вистината повеќе не беше видлива за очи.

Проблемот, со текот на времето, внесе и нови елементи. Навраќајќи се на епизоди потиснати од љубовната страст, што значи исклучени од мојот тогашен видокруг, успеав пополека да ја доближам линијата на идните случувања, кои долго време за мене беа енигма.

Позадината на првата епизода е железничката станица со нејзиниот железен крш и гласови од мегафон.

Таа требаше да телефонира. Радосно ја следев дури до проѕирната телефонска кабина. Ѝ дадов ситни пари и неколку весели бакнежи, но таа здрвена и лажно љубезна ме замоли да ја оставам сама. Не можела да зборува додека има некој покрај себе, се срамела. А на кој му телефонираше, ако не на Лука? Сега се срамам кога помислувам на тоа мое понижувачко излегување од кабината.

Втората епизода се случи на улица, за време на едно од ретките отсуства.

Потонат во мислите ја следев додека влегуваше во една парфимерија. И веднаш реакција. Нагло се врти: „Ќе ме почекаш надвор, те молам?“

Објаснувањето беше горко и збунувачко: продавницата била на некоја си познаничка на мајка ѝ, која, доколку ја видела со некој од академијата, би можела да се посомнева и да ја рашири веста во селото. Ќе пукне срам.

Чекав. Чекав надвор како кутре на кое му е забрането да влезе во ресторанот, оставено на тротоар со ланецот врзан за бандера.

Реакцијата за зачувување на честа (подобро некогаш отколку никогаш) беше непотребна и опасна, барем по мене. Мојот повик за свесното и отворено однесување, како огледалата во мирисните излози, ѝ создаваше непријатна слика за себеси. Жената ангел ѝ отстапуваше место на

вештата измамничка, кршлива и неодлучна: и сето ова, можеби за првпат, ја поставуваше во противречност со себеси.

Можеби.

Доаѓаме до велигденското отсуство: мала оаза на слободата, освежување од семејната топлина.

Не се сеќавам ниту на поаѓањето ниту на возот. Повторно шетам меѓу тезгите на Пјаца Навона. Колку е убаво да си дома, без распореди, ослободен од стравот дека ќе сретнеш некој надреден со несредена униформа. Имам чудно чувство дека мислам на неа со оддалеченост, по малку уморно. Во ушите сѐ уште ми одѕвонува незјиниот ветен повик кој ќе ја ублажеше оддалеченоста. Одбирам подарок за неа. Мала кутија и во неа еден сребрен велосипед безбедно положен во топка памук. Како посвета гравирам еден стих од Кет Стивенс *„It's no time to make a change"*. Што сакав да кажам со тоа? Веројатно се однесуваше на мене и на откажувањето од академијата, (секако не на неа и на исчекуваната одлука да го остави Лука), зашто црвот што ги нагризуваше моите академски и неакадемски соништа, уште од тој 24 март почна потајно и тврдоглаво да јаде и ништо не значеа кревките ѕидови на горделивост ниту долгорочната љубезност. Проблемот е што на дваесет години (немав ни толку) имаме толку многу замисли за себе и за животот. И така јас пловев несреќен, несвесен за мојата прва вистинска бура.

Нејзиниот повик, толку очекуван што бев на работ да се откажам од излегување со старите пријатели, не пристигна.

Вторник: ја минав цела вечер покрај телефонот, измислувајќи лесни занимации за да ми пројде времето: микадо, солитер, крстозбори.

Го замислував Алберто, другарот што ме спаси на испитот по физика: секогаш самоуверен, смешен и предизвикувачки. Како ќе се мајтапеше со мене сега да ме видеше со очите залепени за телефонот, дланките испотени од нервоза, сепнувањето на секое празно отчукување на часовникот.

Следната сцена се случува во предавална преполна со студенти. Тешкото враќање на предавањата по домашното освежување.

Донесов парче торта од дома за да го ублажам соочувањето со реалноста во униформа.

Ѝ чувам место, но таа не се појавува. Доцни: си ги заменивме улогите. Влегува минута пред почеток на предавањето. Целата сцена е во успорена снимка без звук: таа фрла поглед кон преполниот амфитеатар. Ме гледа. Стојам до празното место кое го сочував за неа. Ѝ шепнува

нешто на другарката до нејзе, воздивнува. Има прекрасен син фустан врз кој паѓаат прамените со медова боја. Бавно ги качува скалите, со подзамижани бадемести очи.

Дали лошо разбрав? Станувам параноичен.

Секако, картонската одбрана што за час ја подигнувам додека таа бавно се качува во вакумираната, заледена предавална, не успева да ми ја скрие пукнатината на таа разочарувачка средба, без љубов и свечена филмска прегратка, каква што си ја замислив.

Тешко подголтнувам, зашеметен од убавиот мирис на омекнувач што доаѓа од нејзината бела кошула од бела чипка. Засрамено ја поздравувам. Што не е во ред? Како ланец што излегол од запчаникот, разлабавен. Запците, иако се подмачкани и совршени, запнуваат, чкрипат и ме распарчуваат. Еден час седам во масло без да слушнам ниту збор од она што го кажува професорот. Здивот одекнува во мене, чувствувам како ми горат јаболчниците и како грбот ми се поти под зимската униформа на која не ѝ е време. Излегувањето, ако е тоа можно, е уште полошо. Ноншалантно, како воопшто да не постојам, таа станува и тргнува. Не се ни свртува.

Одрекувам. Одрекувам сѐ. Моите очи снимаат, но синапсите тврдоглаво се плеткаат за да го негираат очигледното. И така ја стигнувам и минувајќи ја улицата ја фаќам за рака (добар изговор!). Си муабетиме за тоа како сме ги поминале празниците, како оди учењето, за датумите на испитите.

Слалом меѓу она што навистина имаме да си кажеме!

Оваа лицемерна претстава е премногу тажна за еден вљубен човек, па така решавам да ја прашам: „и... зошто не ме побара во вторникот?“. Еве го одговорот, неприродно љубезен, најапсурден и неочекуван за мене, веселото кутре: „Сакав да видам каков ефект ќе има врз мене“.

Што требаше да одговорам? Не, ве молам, вие кажете ми. За каков ефект зборува?! Зошто бараше ефект на моето отсуство?! Од кога чувствата ги замени со пресметка?! Според вас, ѝ требаше тоа?

Кога вашата Љубов, Љубовта на вашиот живот ќе ви одговори така, секое прашање и секој одговор се почеток на една долга, болна и неизвесна операција, најчесто со фатален крај. И така никаков морфин нема да ја ублажи болката од раните што се отвораат на тие невнимателни и непромислени одговори.

Сакаше да види, како што тврдеше, дали ќе може без мене во случај да одлучам да ја напуштам академијата или дали ќе ѝ успее

експериментот на испланираното оддалечување што го беше започнала без мое знаење?

На предавањето по биологија, катапултиран од минибусот, влетувам некоја минута подоцна.

Секогаш таа ми фаќаше место, вообичаено во првите редови, со поглед и на професорот и на чистата табла.

Ја барам со радарски поглед. Ништо.

Се најдов на крај, во последни редови, анонимен, лузер. Но, најлошо беше тоа што ја здогледав нејзината коса со медова боја напред, далеку. Зошто?

Туп, туп: срцебиење во моите уши. Обидете се да следите предавање за клеточна мембрана, придушено, со остра мисла која ве тишти. Зошто?

Резултатот е низа нервозни чкртки во тефтерот и црн облак над главата.

Додека излегувам, одам спроти реката студенти кои излетуваат надвор. Гледам како медот се бранува на сите страни, далечен, недостижен. Како во најлош кошмар, сонувам дека трчам, но успевам да се придвижам само неколку сантиметри. Би сакал да викам, но се чувствувам надгласан од џагорот на морето од луѓе.

Конечно надвор. Ја барам нервозно и без здив. Пливам брзо како риба, лево-десно, пробивајќи се меѓу познати и непознати погледи.

Излегувам на патот. Медот се бранува таму на крајот од патеката пред факултетот. Ја следам како прецизен куршум. Повремено ја довикувам. Не се врти, не забавува, не дава никаква реакција. Оди напред, како робот. Влегува во библиотеката со наведната глава. За миг ја стигнувам во читалната. Како успеа во две секунди да изгледа задлабочена во учењето?

Таму е: очилата на носот, книгата отворена, молив и тефтер за белешки.

Сакам објаснување. Го барам. Извикувам едно „треба да зборуваме“ што дури и мене ме изненадува. Мора да учи, сега нема време. Што ме задржува да не ги бутнам од клупата сите барикади од хартија и да ја одвлечам надвор за коса? Зошто ја немаме можноста да живееме двапати?

Ја стрелам со поглед. Учела, не учела, јас ќе останам тука да ја гледам. Чекам. Ќе чекам цела вечност ако треба (Бум).

Малку ѝ треба за да сфати дека е во шах-мат позиција: цела библиотека нѐ гледа. Само замислете! Таа што не го поднесуваше ниту скришниот поглед на некоја си Софија!

И така решава дека е подобро да се соочи со ситуацијата. Излегуваме надвор. Се сместуваме на една клупа. Јас почнувам, со тивок и одлучен глас: од каде да почнам?

Таа побрза: „Сакаш да кажеш дека нештата меѓу нас не се како порано?"

Премногу боли. Посакувам никогаш да не побарав објаснување, само да притиснам на едно копче кое ќе ја врати на почеток нашата идилична приказна, на намирисаното писмо. Посакувам да бидам ослободен од чашата што ми е понудена, да не мора да се соочувам со шлаканицата на осудата. Наместо тоа, одненадеж ме бакнува. По бакнежот, саркастична забелешка: „вака е сѐ во ред, нели?". Кимам со главата, во надеж дека сум сонувал кошмар со отворени очи и ги праќам по ѓаволите гордоста разумот и преостанатите трошки самопочит.

Ретко доаѓа на предавања и успева магично да се измолкне. Моето следење станува етапно: предавална по биологија, по хемија, по анатомија, вистински слалом помеѓу колеги, познаници и нејзини другарки. Бескорисно.

Доаѓам на сите предавања. Дури и на изборните предмети. Испитите наближуваат, јас сум редовен посетител на салата со микроскопи.

И еден убав ден (така е зборот) ете ти ја. Ги прегледува стакленцата. И јас ги испитувам моите во невозможен обид да останам ладнокрвен и на растојание. Гледам како се мрдаат митохондрии и епителни клетки, парализиран пред микроскопот од мојата приказна. Ѝ се доближувам. Застанувам зад неа во редот за набљудување. Се прави наудрена, ме игнорира. Успешен во себе обвинување, ја прашувам каде згрешив, каде пукна нашата приказна. Ја прашувам: седи како сфинга. И понатаму погледот ѝ е вперен во микроскопот. Ја следам до градината на клиничкиот центар. Инсистирам. Успевам да добијам само нетрпеливо воздивнување: „Колку си напорен" вели и си заминува.

Рацете тешки како олово обесени покрај колковите, висната вилица, кататоничен поглед: мојот изглед додека медот од нејзината коса станува само точка на хоризонтот.

Оттука па натаму контурите се замаглуваат во еден беспотребно намирисан април.

Ми даде една картичка, од оние со фрази со кои медитираат трапистите, на неа имаше слика од расцутена гранка.

На опачината ми зборуваше за една градина во зима – нашата врска која еден ден ќе расцути.

И така исчезна.

Апатичен и излезен од колосек талкам низ академијата.

Ги баталувам алармите, распоредите, кревањето на знамето. Како свиња ги јадам сите бучкуруши што ни ги служат во мензата: неконтролирано се дебелеам.

Ми се кинат панталоните од униформата. Оставам да ме казнат и не давам отпор. Грогиран боксер, облеан во крв, незасегнат од ударите право в лице. Ми се чини како да тонам во жив песок. Ништо не ме интересира, правете со мене што сакате.

Ѝ телефонирам во сред меланхоличен трип, по гаќи на коленици: „Не е тука. Отиде на Доломитите“ ми вели гласот на мајка ѝ на другата страна на жицата.

Темница.

Некој друг јас подготвува испит, ги прибира расфрлените белешки од една зима, ги листа книгите, ги подвлекува појаснувањата. Извршува наредби, се мие, се чешла, ја закопчува униформата. Зорите веќе не се модри. Личниот опоен мај се распрснува во мирисна убавина што го прави болен секој изминат ден. Доаѓа трети јуни. Еве сум во вообичаената предавална пред професорот, засолнет зад високата и предолга катедра. Чувствувам бесмислена потреба да му ги кажам маките, нему, прецenетиот професор, за да ми го среди животот и љубовта. Наместо тоа, јас расправам за генетски експерименти врз глувци. Така на крајот ја земам мојата осмица и излегувам надвор. Закачен е списокот со студенти за втората сесија.

Не одолевам и го барам нејзиното име.

Започнува измачувачка низа денови, којшто треба да ме доведе до следниот испит, но повеќе не успевам да учам, да читам, да мислам. Ме влече оваа хиперактивна струја од академци што измислуваат илјада и еден начин за да си обезбедат интимен простор без учење. За да ја избегнат хаотичната читална, ете ти ги скриени во тоалетот, во туш-кабините опремени како бункери, со масичка и батериска ламба здената во корпата за валкани алишта, има некои дури и во сакристијата.

Сè ме одминува. Јас сум бродоломец на брегот. Слушам музика на вокмен и црткам нешто. Книгата по ембриологија веќе дваесет и осум дена стои отворена на страница седумнасет.

На триесетти јуни наутро се наоѓам во предавалната по биологија. Треба таа да пристигне. Чекам. Не знам што ќе и кажам, ако успеам да зборувам, ако воопшто ме погледне. Предавалната полека се исполнува со студентски групи. Заеднички повторувања, невозможни прашања, тензијата може да се сече со нож. Влегува испитната комисија предводена од ценетиот професор Рампони, кој не можеш да го промашиш со таа лептир машна со црвени точки и бел мантил. Чекам неподвижен. На крајот влегува и таа. Седнува десет редови понапред, токму пред прекуокеанската катедрата, на национална територија. Гледам дека зборува, прибрано одговара додека си ги мести очилата. Иследничкиот поглед на професорот под набраните веѓи, неговите црвени образи и далечниот мед во кој ги нурнував рацете.

Одеднаш станува. Заврши. Величествено излегува. Се искрадувам од мојата редица. Ја следам. Сонцето ја грее додека во градината се смее со другарките, си шепкаат, се шегува. Застанувам на безбедна далечина. Тажен.

Ме здогледува. Го спушта погледот и повторно го крева.

Ме поздравува и доаѓа кон мене.

Извикува низ смеа „чиста десетка!"

Ме гушка. Ме прашува дали ќе дојдам со неа да телефонира на нејзините. Како згрутчената крв во вените повторно да ми струи течна и врела. Ја чувствувам во срцето и слепоочниците: ритмички удари, оркестарски тапани. Би требало да кажам нешто, да се спротиставам, да барам објаснување. Зошто тогаш ја држам за рака, дозволувам да ме бакне, поласкан од нејзиното „те сакам" лажно како банкнота од три илјади лири? Зошто нејзината претстава на оживеаната љубов е толку убава и целосно пропаѓам во неа, вратен во живот, спремен да го срушам светот. Горкиот дождец на минатите месеци избледува пред јунското сонце. И така повторно ѝ верувам, немам што да правам. И слепо верувам: заминувањето на нејзините, можноста да се гледаме на само можеби кај неа, гостин во нејзиното дувло, територија што заедно со нејзиното село за мене беше секогаш *off-limits*.

Нејзиниот воз до дома поаѓа, татни. Се качувам на скалата и ја бакнувам. Еден бакнеж, долг, сладок и очаен. Последен. Тоа ми го вели

еден ангел, но не го слушам и му се насмевнувам. Како е возможно? Попладне таа ќе ми се јави и ќе се видиме. Конечно сè ќе биде поинаку.

Го очекувам нејзиниот повик во академијата. Како и сите студенти имам петнаесет минути за да примам повици: од 14.00 до 14.15. Се сепнувам на секое ѕвонење, но сите тие повици се службени. Часовникот ги делка минутите. Чекам, чекам и чекам. Спроти секоја логика, секоја надеж. Си наоѓам илјада причини, изговори. Сè простувам, сега ќе ѕвони. Ќе ѕвони. Ќе заѕвони, нели? ГОНГ! Времето истече. Ѕвони ѕвончето за задолжителниот час по спорт. Сите се на фудбалскиот терен во тренерки. Спорт? Не гледам и не слушам ништо повеќе. Купувам жетони за сите пари што ги имам в џеб и летам кон заедничкиот телефон надвор од предвидениот термин.

Ми одговара побркана : „Ама не, знаеш, заминувам со моите... не ме оставаат... убав одмор“.

Да ме прободеа во гради помалку ќе ме болеше и можеби ќе најдев зборови да ја испратам по ѓаволите. Наместо тоа во кабината одекнува оној студен клик и крцкањето на зглобовите на офицерот кој ме вика на рапорт. Три дена забрана за излез поради користење на телефонот надвор од дозволеното време.

Летото минува со книгата по ембриологија што ме гледа од комодата. Се враќам во академијата по отсуство како да сум дома, повторно со роднините од заедничката робија. Повторно марширам во униформа, а испитите ме чекаат. Неа повеќе ја нема. Идејата да оставам сè е една привлечна и топла светлина која ме обвива и смирува. Ме гали така цело лето.

Еден ден од прозорецот на болницата ја здогледувам нашата клупа и се гушам во нескротлив плач.

Следниот ден го доставувам моето барање за разрешување. Следувааат куп гомнарии кои траат два месеца: вкрстени разговори со невролог, сегашни и идни офицери од академијата, цел еден процес.

На крајот добив отпусница: сепак ќе мора да отслужам воен рок. Воен рок како „казна“. Токму затоа што сум „неподобен за воена служба“.

Куферот ми е на креветот. Го прегрнувам Алберто кој бесполезно се обидува да ми објасни дека и медицината е уметност и дека би можел да бидам добар епигон.

Токму на прагот се сепнувам. Нескротлива желба да ја видам, да зборувам со неа, да најдам смисла на нашиот однос. Ѝ се јавувам. Ѝ велам дека се враќам во Рим. „На отсуство?“ Не, засекогаш. Сакав да

те видам, да те поздравам. „Жал ми е, но немам време, имам за учење“. Станувам огорчено саркастичен: „Е па тогаш...добра работа“.

Тука приказната би можела да заврши. Но, тоа би било итроштина на вистински писател. Ама јас ви предлагам уште два краја зашто животот, како што вели Гимараеш Роза, има седум пресвртници.

Сцената се одвива четири години подоцна во нејзиниот крај. Главниот лик, а тоа би бил јас, три дена спие во автомобилот пред куќата на неговата сакана надевајќи се дека ќе може да одглуми случајна средба. Надежта е изгубена (веќе требаше да се навикнам, нели?). На крајот, уништен од чекање, телефонира од една говорница. Одговара таа. Нормално, дамла ја мава кога сфаќа дека лудакот од кој се откачила, не помни веќе ни од кога, е долу пред куќата.

Секако, не сака да излезе, не може, има за учење, а и „не е време“ да зборуваат. Исцрпувајќи ги сите можни средства, нашиот јунак успева да ја убеди. (Не очекувавте, нели?). Ѝ треба цела вечност за да дојде до плоштатчето што гледа на реката, каде што тој ја чека. Се појавува блескава, со развеана коса, нашминкана и накитена. Доаѓа со трчање и тоа заплашува.

Кој е тој луд сликар што збришал камења и згради, дрвја и клупи за да ја направи од реална пореална оваа сцена?

Свртен кон оградата тој гледа како тече реката.

Она веќе дамнешно и познато „Знаеш, Марко, имам друг“ самото испливува на површина.

Спомените, како балони врзани на дното на едно горко море, со изабени јажиња, се креваат без никаков редослед.

Му го зема зборот: „Кого гледам“, вели таа. Тој има брада, јакна и џемпер што ги одбрал по месеци премислување и пробување пред огледалото. Ја носи со себе папката со сите нејзини писма, оригиналите за да ѝ ги врати (и копиите да си ги зачува за спомен).

Расправаат за сѐ и сешто, потоа тој собира храброст да ѝ го постави животното прашање. Со растреперен глас и наведната глава: „Што се случи, зошто заврши?“

Би било ли доволно едно банално објаснување да се отплетка клопчето? На пример, не знам, „имав еден што се викаше Масимо, затоа ве оставив тебе и Лука и следната година се мажам“. Да, камо да беше така. Наместо тоа, таа дрдори дека е луда, дека ѝ поминало, дека никогаш повеќе не би ја сторила истата грешка да биде со двајца истовремено (да,

и после јас бев тој незрелиот што требаше да се смени!), дека за да не ме повреди, од сожалување се сокрила, тоа не го објасни, итн., итн.

Нашиот херој заборава на писмата. Собира сили да ја праша дали го сакала (заколете го, ве молам) или сè било лага (пред тоа откинете му го јазикот).

Таа, пак, се брани, вели дека нејзините чувства биле искрени (има некој што знае да дере?). Тој ја прашува дали нејзиното ладење може да се припише на дневникот што ѝ го дал да го прочита. Одговорот на ова прашање е семе за идните и бескрајни макотрпни проучувања, уште едно поглавје за асимптотата: „да, и...плус други нешта..."

Завесата се спушта додека главниот лик гушка една бандера, на еден пуст перон, на мала станица, во неутешен плач.

Вториот крај, како од филм, а сепак апсурдно реален: животот понекогаш добро ни се одмаздува за нашите божемни фантазии.

Една година подоцна: тој е задреман во воз кој оди на север. Композицијата забавува, запира со чкрипење и едно последно затресување. Бавно потскокнува, се буди. Ширни полиња и побудалени штурци.

Гледа апатично, зашеметен од топлото. Прозорецот е блокиран зашто вагонот демек има клима. Расипана.

Отпрвин не забележува, но токму пред него има една клупа и на неа две девојки кои си разговараат. Одеднаш просветлување: си ги трие очите, можеби е од што му се спие, од топлото, од зашеметеноста од патувањето, ама... Миг замрзнат во времето: се гледаат в очи. Потоа нејзиниот поглед бега далеку.

Таа е. Токму таа, со вонвселенска убавина. Елегантна, руса, згодна, како мачка. И последните сомнежи ги збришува со една реченица упатена кон другарка ѝ: „Да, да... токму тој е, како нема да го познаам!"

Ја презира поради таа нејзина саркастична насмевка, поради таа пренагласена рамнодушност, крвта му зоврива. Главниот лик седнува, го крева весникот пред замаглените очи и чека возот да тргне. Му се тресат рацете.

Добро, стигнавме до последната станица. На масата останува цела една кула од неодговорени прашања расфрлени помеѓу деланки од молив и стуткани листови. Затоа што најбистрите веројатно разбраа дека ова не е дијалог, туку монолог. Зошто исчезна? Зошто не исчезнав? Зошто продолжив да се надевам? Кому му телефонираше кога ме остави да чекам пред кабината? Дали некогаш му зборуваше на Лука за мене? Како ја живееше таа приказна, помеѓу кои ѕидови? Кому му се довери?

Што го смени нејзиниот поглед, нејзиното срце? Велигден, преобразба, нова љубов? Но дали навистина некогаш се смени? А потоа како успеа да биде доследна на молкот, да исчезне без објаснување, засекогаш, со лага за крај?

Оној кој можеше да одговори не сакаше или не можеше и којзнае каде е сега. И затоа треба да собереме храброст сами да си дадеме одговор, полека, лекувајќи си ги раните, минувајќи низ нови искуства и нови болки.

Некој би можел да каже дека нема смисла ова фаќање во костец со куп замрсени претпоставки. На друг ќе му делува прелесен за решавање.

На првиот би можел да одговорам дека тој што не го разбира, или уште полошо, што го заборава своето минато, осуден е повторно да го живее. За вториот би била доволна една милослива насмевка затоа што не е сѐ како што изгледа.

А сепак, а сепак, оваа приказна се помести за неколку милиметри. Како мезозојски глечер, се движи неприметно и фрла попречни зраци врз мистеријата. Само со лесни, микрометарски придвижувања асимптотата се доближува до вистината.

Некои придвижувања изгледаат одлучувачки, а на други им треба време за да станат такви.

Така, додека претураш по некоја фиока, може да се случи да излезе некое старо намирисано писмо.

А мирисот да исчезнал засекогаш.

Рим, 14.9.2007

Превод: Марија Муратовска

# Двајцата соучесници

Таа јасно кажа на телефонот: „Позитивен е“.

Гласот ѝ трепереше и се обидуваше да се смири. Повторуваше: „Позитивен е...И сега?“.

Тој чувствуваше леден грч во рамената што не му дозволуваше да се помрдне. Можеше само да црта цвеќиња во едно тефтерче до телефонот додека ја слушаше мајка си како готви нешто во кујната. „Сигурна си?“ успеа да изусти, обидувајќи се да сфати што се случува.

„Проверив трипати.“ Му објасни како. Објасни како се затворила во тоалетот, како го скрила пакетчето од тестот за бременост. Гласот ѝ беше потиштен.

„И потоа?“.

„И потоа стана розев..прво мислев дека грешам...“.

„Завршивме со муабетење?“ допре одзади гласот на татко му, кој со рацете се преправаше како да ќе ги исече каблите од телефонот. Се чу и гласот на мајката: „Ајде готово е, седнувајте на маса!“.

Сега и двајцата молчеа.

Во тој момент сите во куќата можеа да слушнат што зборува. Го броеше секој здив. „Добро“ кажа најпосле „ќе се чуеме подоцна. По вечерата. Подоцна...“ а потоа тивко „...не се грижи, сè ќе средиме“.

Ќе средиме.

Како некој вид јазичен жилет што отсекува ужасна претпоставка.

Седна прв на масата, нешто што обично никогаш не се случуваше. Мајката ја ставаше вечерата во чиниите, ќофтиња во сос и зелена боранија, нејзиниот омилен рецепт. Полека џвакаше, со бавни движења, како да беше дел од забавена снимка од нем филм. Гласовите беа задушени, како да доаѓаат од под вода.

Огромен очај го оттргнуваше од реалноста додека со напор се обидуваше да ја одигра својата улога. Беше втора година на факултет. Сиот живот беше пред него и имаше илјада можности. Мили не беше ниту љубовта на неговиот живот. Беа заедно бидејќи таа му беше привремена утеха, откако го смени факултетот и во момент на збунетост, и имаше само потреба од некого што ќе му прави друштво.

Таа штотуку наполни осумнаесет години.

И сега? Животот се промени за 180 степени и тој не можеше да направи ништо. Се чувствуваше како кит на суво, пред рибар што е готов

да го улови. И сега? Не можеше да мисли на ништо друго. И сега што? И сега што? И сега што?

Мислеше на тој момент во автомобилот кога, додека беше над неа полугол, се сепна од еден звук, се испаничи. Тоа беше камион кој минуваше близу до местото каде беа скриени. Одеднаш се повлече, а таа нежно го погали по вратот и му шепна „не се грижи". Тој не го разбра тоа. Комплетно се опушти...

Сега. Сега мораше да се чуе со Стефано, неговиот најдобар пријател. Но беше доцна, премногу доцна. Требаше да чека до наредниот ден. Но како? Како да спие? Како да учи за испитот што ќе се одржи за неколку дена? Како да продолжи понатаму, да јаде, да дише, да оди, да зборува со своите...се' му се чинеше невозможен напор.

Следното утро отиде кај Стефано. Тој седеше пред пијаното, пред партитурите за испитот и уништените моливчиња од прстометот. Срам му беше, иако се обидуваше да изгледа практичен и солидарен. Се обидуваше и да се шегува за сексуалните болести: „Тоа е многу грдо место...". Но не можеа да се смеат, како што правеа пред два дена.

Поради очајот на пријателот, Стефано ја презеде ситуацијата во свои раце. „Ќе се распрашам и ќе видиме што треба да направиме." Нема сомнеж „што" да се направи, туку „како" да се направи тоа. Тапка со моливчето по купот партитури како да запишува нешто, но се гледа и оддалеку дека тоа го прави од нервоза, но и за да го смири пријателот.

Стоеја на прозорецот во салонот со тантелени завеси и го гледаа сообраќајот и минувачите. Излетува прашањето: „не ли внимаваше?", а потоа следува и тоа полошото: „а сигурен си дека е твое?". А во суштина двајцата молчат, еден до друг, како лавови под дрво.

Најпрво, треба да се отиде во советувалиште. Треба да се направи преглед. Сè мора да се среди во првите три месеци. Еден месец сигурно поминал. Како за инает, советувалиштето се наоѓа токму на улицата каде што како мал живеел татко му. Се качуваат во зградата како двајца бандити, засрамени. Се обраќаат на рецепцијата. Мора да почекаат во чекалната. Има и други жени, повеќето сами, други со маж, со момче. Други пак, премногу млади, со своите мајки. Одеднаш ја повикуваат неа, а тој мора да чека во ходникот. Оди напред назад гледајќи ги старите гранитни плочки. Од суеверие ги одбегнува поголемите црни дамки, исто

како кога беше дете. Мислеше дека носат несреќа. Чека таму и му се чини како да нема крај.

Најпосле, таа излегува. Една болничарка ѝ дава формулар. Се поздравуваат и си разменуваат куса тажна насмевка. И повторно се надвор, талкаат низ местото кое им стана непознато и непријателско, измачувани од тивка болка. Одат еден до друг. Тој се обидува да ја фати за рака, но чувствува како да стиска парче дрво кое бавно се излизгува. Каде да одат? Што да прават? Како да направат?

Се засолнуваат во едно кафуле. Тој би сакал да ја смири, но му трепери гласот. Таа не сака ништо. Земаат само едно шише вода. Седнуваат на клупа во една запуштена мала градина со исушена цветна леа, обиколена од низа автомобили кои се движат околу кружниот тек и три семафори.

Водата од шишето полека ја снемува, како во затнат мијалник. „Сакам да ѝ кажам на мајка ми“. Реченицата го погоди како камен. Ако ѝ каже на мајка ѝ, тоа ќе предизвика низа реакции што ќе упатуваат директно до него, виновникот. Ја замислува ситуацијата на трпезариската маса. Мајка му му удира шлаканица. Огорчениот молк од татко му. Погледот од сестра му. Крај на светот. Крај на факултетот. Телефонски повици меѓу родителите. Нејзиниот татко како врти на телефон, викотници од слушалката. Порој од осудувања. „Вие сте двајца идиоти! Да не зборуваме за неа, таа е дете...ама ти...ништо ли не те научиле?“.

Сè се случува многу брзо и без ред. Слики, гласови, гестови. Сè е потонато во длабок влажен немир кој го кваси песокот со проблеми што гребат по душата.

И сега? И сега? И сега?

„Мораш да ја убедиш да не зборува со мајка“ му вели Серџо на телефон, неговиот најдобар пријател.

Не може да му одговори.

„Ако прозбори, ќе имаш дете во рацете за осум месеци.“

„Ќерка“ го поправи. Се гледа од ехото: „фетус од женски пол, во добра состојба итн.“.

„Ете, и чао на факултетот, ќе мора да најдеш работа, поточно, ќе ти најде татко ѝ...и потоа куќа, кирија, кашички и пелени. И кога ќе дојдам да те видам, ќе бидеш ненаспан, по долна маица и со бебешко шишенце во рака.“

Тој и таа повторно се слушаат на телефон. Долго зборуваат. Таа плаче, тој се обидува да ја утеши, да ѝ го одвлече вниманието, да ја

убеди. По секој телефонски разговор, се чувствува како излезен од рудник, сиот извалкан и исцрпен. Без енергија. Сепак, му претстои испитот, сесијата е за дванаесет дена. Се обидува да се сконцентрира на книгата која е пред него, заглавен на истата страна пет дена. Ни трошка внимание. Подрипнува секојпат кога ќе заѕвони телефонот.

„Што ти е? Гледам вознемирен си...Можеби поради испитот...Знам дека си паметен, ќе видиш дека ќе положиш" му вели мајка му и го бакнува по главата додека тој е наведнат над книгата.

Не престанува да тропа со моливот по столната лампа. Опсесивно црта цвеќиња и полжави, цвеќиња и полжави, цвеќиња и полжави. О Господе, кога ли ќе заврши овој кошмар?

Се замислува венчан, како живее заедно со неа и со девојчето. Дали некогаш бил вљубен во неа? Не ли било тоа начин за да ја преболи својата претходната љубов, начин за да не остане сам? И сега? И сега? И сега?

Таа лежи в кревет во истата соба со својата помала сестра. Не може да заспие. Го гледа таванот, светлото што се прикрадува од зад ролетните, малкуте автомобили што минуваат. Ја држи раката над стомакот. Не чувствува ништо, само слаба топлина. Можеби е само поради раката или сугестија. Девојче е. Мало девојче што се вгнездило таму внатре. Како неа, како нејзината сестра што лежи во соседниот кревет. Ја слуша како тивко дише. Минутите бавно минуваат. Часовникот немилосрдно отчукува. Следниот ден, во тоа време, сè ќе биде готово. Ќе биде готово. Тивко си ги брише топлите солзи што ѝ течат по лицето.

Утрото е најлошиот момент. Будењето како каллива река ја враќа сета вознемиреност и сите чувства на вина кои сонот ги имаше придушено. Се договори со Стефано. Тој ќе оди да ја земе од болница по операцијата. Ќе дојде со неа и една другарка, можеби. Тој не може да оди поради испитот. Ја одредиле датата, а тој си играше криенка, повеќепати за да го презакаже и да биде со неа. Но немаше што да се прави, од Студентски прашања му го определиле токму тој ден, истиот ден кога таа ќе биде во болница. Ранецот за испитот му се чини потежок од обично додека оди кон факултетот. Го чека својот ред во ходникот. Мисли како и таа чека во некој ходник, пред операционата сала. Со лактите потпрен на колената и главата помеѓу дланките гледа како минуваат оние кои излегуваат од салата за испити, ги гледа чекорите на оние кои одат напред назад во ходникот,

оние кои прашуваа „Како беше, кои прашања ти ги поставија, професорот расположен ли е, уморен ли е, изнервиран ли е?“.

Тој не мисли. Се обидува да чита, но вниманието му исчезнува како да се лизга по влажна падина. Можеби таа веќе завршила. Можеби ја сместуваат до некое друго девојче. Можеби прават повеќе операции истовремено. Одеднаш го обзема нагон за повраќање, како бран. Станува. Почнува да оди и тој по ходникот. Излегува на терасата да земе воздух, сѐ додека не го повикаат. Го зема ранецот и своите работи како војник кој излегува од ровот за последен пат и оди да им се спротивстави на непријателските митралези.

Стефано по телефон звучи сталожено. Можеби сака само да го смири. Сѐ поминало добро. Таа била во соба со други жени, сите во кревет. Била добро. На креветот до неа имало малолетно девојче придружено од мајка ѝ. Тој си мислеше како недостасувало малку за тоа и ним да им се случи. Сепак, таа штотуку стана полнолетна.

Стефано ја однел кај нејзината пријателка. Добро би било да се одмора сѐ до следниот ден. Измислила некаков изговор за своите родители. Сега мора да пие антибиотици една седмица. Стефано му кажа дека додека се враќале во автомобилот, се шегувале малку и дека си ветиле дека ќе одат сите тројца на риба штом ќе излезат од сето ова.

Тој ѝ се јавува. Одговара другарката. И двајцата чувствуваат непријатност. Нејзиниот глас е придушен, како да му зборува од далечина. Се обидува да одговори на неговите технички прашања. Се забележува непријатно чувство што надвиснува над двајцата. Не можат да зборуваат. Или можеби поради другарка ѝ што е до неа. Или пак затоа што тој е соба до соба со татко си. Таа го прашува за испитот, со рамнодушен глас. Потоа кажува дека сака само да спие, дека е многу уморна. Тажно си посакуваат добра ноќ. Тој гледа во празно, сѐ додека не се појави мајка му, која сака да прослават за испитот и да одат сите заедно на пица.

Се гледаат следниот ден. Вртат кругови напразно со неговата Чинквеченто. Вообичаените места: старата Вија Апија, Бањите на Каракала, Портата на Св. Себастијан, дворот зад куќата каде што се бакнуваа, сега станаа горчливи места. Тој сака да ја однесе на море, но таа не сака, а згора на тоа пие антибиотици. Сепак можеби не сака ни тој. Се чувствува истоштено, како да трчал по угорнина сѐ додека не го изгубил здивот. Таа му раскажува дека во болницата се почувствувала како

да има правосмукалка во стомакот. Го облејува студена пот и почнува да му се лоши и не престанува. Застануваат да земат две парчиња пица, иако и двајцата не се гладни.

Најпосле, се паркира на една скриена ширинка во близина на огромната улица со осум ленти која што минува низ јужниот дел на градот. Ја отвора нејзината врата и ѝ помага да излезе од колата. Се движат бавно, како двајца астронаути на месечината. Ја земаат кутијата со пица и бараат место да седнат на ледината на периферијата во чија близина итаат автомобили. Конечно наоѓа издигнат камен и седнува на него. Нема место за двајцата, па таа го заобиколува каменот и се потпира на него со грб.

Од другата страна на истиот тој автопат се наоѓа паркингот, местото каде онаа вечер таа му имаше кажано да не се грижи.

Молчеа. Таа го гледа небото, а тој со главата наведната кон колоната мравки која се движи токму до неговите стапала. И најмало движење е доволно за да смачка половина од нив.

Рони мало парче пица, еден вид „мана" на која мравките ѝ се доближуваат, ја товарат и ја носат во својот дом, којзнае каде.

Таа се чувствува омалаксано. Можеби е премногу топло. Неудобно ѝ е седењето на каменот. На крај каснуваат малку од оладената пица.

По некое време тој станува, си ги истегнува нозете и го обиколува каменот за да дојде пред неа. Се гледаат еден миг а потоа ѝ помага да стане.

Кога стигнуваат кај неа пред куќа, слегува од колата за да ѝ ја отвори вратата, непотребен гест на внимание. Ја испраќа до портата како и претходните стотици пати. Таа ѕвони на домофонот. Одговара сестра ѝ. Како и секој друг ден.

Но тој стои таму, нема повеќе сила да се качува, а ни таа не го бара тоа од него.

Се поздравуваат без бакнеж. Си заминуваат како двајца соучесници носејќи товар полн со потисната болка.

И додека се враќа кон автомобилот, се чувствува како да тоне во жив песок.

Сиот лепак на светот нема да биде доволен за да ги спои заедно деловите од тој вечен момент кој нема никогаш да помине.

Превод: Сара Деспотовска

## На здравје

Некои вечери се толку слични една со друга што се чини дека календарите ги измешале броевите и датумите за во одреден момент да ти го означат вообичаенето, а сепак единственото нешто. На едноставната рутина на едно такси, празниците создаваат таков бран на можности кои бесрамно ја шепотат судбината што се крие зад аголот. Така, од толпата на станицата се појави еден фраер, со лесен и елегантен чекор во испеглани панталони со раб и кожни чевли што крцкаат на калдрмата. Влегува во автомобилот уште пред да го ставам неговиот брендиран куфер во багажникот. „Улица Касија. Гробот на Нерон.“ вели отсечно, додека неговиот парфем ме облева од зад рамената. Тишина. Го гледам во ретровизорот како ја набљудува божиќната толпа налик на хаотично стампедо. Слушам како на седиштето се тркалаат хартии за виткање подароци, додека старата крнтија се движи по свиокот крај кривата ѕидина.

Го гледам како седи со прстот на јаката од кошулата. Беспрекорен. Стигнуваме на улица Касија со чести прекини поради метежот на семафорите, типичен за 24-ти декември. Ниту еден збор. „Тука сме, на следната десно, по семафорот. “Извршувам. Потскокнуваме нагоре по една сè потемна и попразна улица. Ги одминуваме вообичаените станбени комплекси, искачувајќи се меѓу елегантните зградички и семејните вили и завршуваме во некаква периферија. „Пристигнавме. Еве...тука“ и ми покажува убава зградичка на три ката со големи прозорци. Терасите личат на покрив на носачи на авиони, со тркалезна испакнатина токму над аголот од зградата. Го извадив кожниот куфер. „Се брзате?“ праша отсечно и со службен тон. „Молам?“ „Велам, дали можете да ме причекате? Нема многу да се задржам.“ Колебливо климнав. И не без причина, сепак се наоѓавме среде периферија, во темница, на Божиќ, а и типот не ми допаѓаше. Тргнува по патеката, крцкајќи со кожните чевли по ситните камчиња. Влегувам во автомобилот. Камен студено. „Папа Чарли 6, Папа Чарли 6...Пјаца Кавур“. Палам цигара и испуштам убави топли облаци кон ѕвездениот мрак. Ѕвездите, којзнае зошто никој не ги гледа во зима, во градовите. На лето, на море, сите сме со очите нагоре кон небото. Но во зима... И еве го како се враќа.

Додека излегувам, тој веќе врти круг околу мојата крнтија и го става куферот во багажникот. Силен тресок. Рацете потпрени на автомобилот. „Да не ви е лошо?“ Бавно одмавнува со главата, гледа надолу и останува

така. „Сигурен сте?“ Ме гледа право во очи. На лицето се гледаат две долги влажни линии. Беспрекорниот фраер со илјада жени и авантури, го зграпчил светот кој пропаѓа во бездна од болки.

„Можам ли да ви помогнам некако?“ Не е во состојба ништо да каже. Одмавнува со главата неколкупати, испушта пареа со здивот и ми дава знак да одиме. Ја отвора вратата и се загледува. Погледот му се вкочанува.

„Ги гледате оние прозорци горе што светат?...Имате фамилија?“ „Молам?“ „Таму се жена ми, моите, нејзините...и децата.“ На терасата има дрво со шарени лампиони, сребрени гирланди, ѕвезда на врвот која, се разбира, наизменично се пали и се гаси. По неумоливиот и хипнотичен ритам, чув звук што никогаш нема да го заборавам. Човекот е потпрен со челото на покривот од автомобилот. Одвреме навреме испушта крик без солзи и тивок плач како рането маче. Му се приближувам, но одеднаш удира бокс во автомобилот и влегува внатре.

Старата крнтија вешто и тивко се слизнува по Плоштадот на Хероите. Човекот потонува во седиштето. „Дали некогаш сте ја изневериле вашата сопруга?“ Го гледам во ретровизорот, кога застанавме на семафор. Тргнувам штом се запали зеленото светло, и тој веднаш кажува каква болка му тежи на душата: „Јас еднаш...доволно е еднаш, по ѓаволите...“ Овојпат силно се растревожува, напуштен со дланките раширени на колената. Липа, брадата му се тресе, слика на целосен пораз. Сега, фраеру, шмркај со носот и лигави се со отворена уста како дете. „Сакате да застанеме? Да се напиеме нешто?“ Чувствувам како моите зборови залудно отскокнуваат од ѕидот на очајот. Фраерот со наведната глава изгледа како да чита неразибирлива и тешка приказна. Слушам како шепоти: „Може да ме однесете во центарот?“ Вртевме кругови околу Пјаца Венеција, Колосеумот, кај курвите и околу Циркус Максимус. Моќна и тешка приказна. Во концентрични кругови спокојно возам долж Тибар. Гледа надвор безизразно, потпрен на прозорецот. „Имате деца?“ „Да, едно.“ „...“„Еве го“ и му ја подавам сликата залепена на магнет, закачен на контролната табла. „Како се вика?“ „Франческо.“ Одеднаш се сепнува, како да се присети на нешто важно. „Вратете ме на Касија.“ „На Касија?!“ Фрлам поглед кон ретровизорот, ме гледа. „Се вели дека некои нешта не се важни, потоа ќе ти се случат тебе и не разбираш веќе ништо...И еве до кое дереџе дојдов... Работа, да, работа...“ Стариот автомобил се движи по ритамот на ноќта по булеваорт Корсо Франча, бел и величенствен.

Ја одминуваме редицата клиенти и трансвестити. „Змеј 3…Змеј 3...Пјацале Клодио“. Радиото монотоно го грака мојот код и следното возење. Нагло забрзувам. А тој гледа надвор, задлабочен во мислите, не го ни забележува тоа. „Така е, некои нешта скапо ги плаќаш, ах, проклетство. Нешто ни на крај ум нема да ти падне и оп, ќе ги најдеш спакувани куферите.“ Пристигнуваме до целта без никаква тешкотија. Повторно се наоѓаме во богатата периферија под заштита на неизмерната тишина. Долго време седи неодлучен, со раката на вратата и погледот нагоре. На крај, излегува од автомобилот: „Веднаш се враќам.“ Го гледам како се упатува кон патеката.

Само што го погледнав осветлениот балкон, тој веќе се враќа. Се потпира со грбот на вратата. Излегувам и јас и застанувам до него. Продолжува да ги гледа светилките на загубената среќа. Нашите погледи лебдат заедно во студот. Стоиме така, во тишина. „...Сепак доволно е толку малку, не велам за да бидеме среќни, туку...за да ни биде добро. Сте помислиле ли некогаш колкав дел од живот трошиме залудно? Од шеесет години, дваесет ни одат на спиење, од останатите, колку ги губиме во тоалет, на работа, во ходници, во автомобилот, во резервирање места во ресторани, во чекање редици во пошта или во супермаркет? И ете, на крајот ни останува само трошка време за живеење, време кое можеби убаво го живееме или не, но сепак да го живееме...навистина да го оджывееме нашето. Иако на крајот никој нема да го помни тоа...“ Не ме гледа додека зборува. Гледа нагоре. Тивко прашувам: „Ќе одиме?“. Не го трга погледот од ѕвездите, од осветлениот балкон.

Престанува да се доверува, повторно се враќа на улогата на клиент. Студено е, можеби е подобро да одиме...“ „Да, да одиме“, одеднаш му се враќа решителниот израз, и самоконтролата. Отсечно ми ја кажува адреса. Повторно минавме низ Рим, сиот осветлен во ноќната божиќна атмосфера. Не зборува повеќе, повторно станува само клиент. „Сигурен сте дека сакате да се вратите...дома?“ Ме погледнува за миг, но не одговара, како да зборуваме на различни јазици. Во еден миг, на аголот од една раскрсница забележувам отворен бар, што е вистинско чудо. Се упатувам кон него. „Видете, мене ми се пие нешто. Сакате да дојдете и вие? Се надевам нема да се навредите ако ве почестам јас.“ Излезе како куче водено со ременче. На металниот анодизиран шанк имаше останато неколку резанки божиќен колач. Во задницата, пред низата пијалоци, знаменцата на Рома и неколкуте трофеи, еден расеан чудак ни тура две чаши француска анасонка. Од телевизорот ечи на цел глас „Jingle Bells“

со куп сијалички, светки и вештачки снег. Ги креваме чашите и нашите погледи се вкрстуваат споија за миг. „На здравје."

Превод: Сара Деспотовска

## Специјална понуда

Камењата на долгата скалеста патека под маслиновите дрвја ги бодат подножјата на стапалата. Чекорам по едно цврсто море во кое стамените бранови на кременот непредвидливо ги видоизменуваат моите чекори.

Сите дијаманти се на своето место на црното кадифе на ноќта.

Со допир се обидувам да го најдам ѕвончето на влезот.

Никој не ме чека.

Едно ослободително туркање и тешката врата на капијата попушта без опирање.

Мирисниот трем ме води кон тесни и неосветлени скали поплочени со мазен травертин.

Се качувам додека срцето силно ми бие и конечно слушам глас: „Кој е?“

Кој сум. Го кажувам името со илјада игли забодени во мускулите и во срцето, кои ме заковуваат.

Јас сум, со тагата на мојот живот кој се тркала удолу, веќе без никаков план и патоказ.

И најпосле го здогледувам Антонио. Неговата прегратка е сигурен пристан.

Се будам во свежа постела. Спокојната тишина ме потонува во постелата. Времето за момент запира, а јас лебдам над мојата несреќа. Тука сум и слушам.

Тишина.

…

Конечно слегувам долу, Антонио не е таму. Наместо него, сретнувам две сини очи кои се шират во насмевка. Ми подава рака. Марек е, момче од Полска, дојдено во Италија да студира. Продолжува да се смешка поради мојата збунетост и својот изговор полн со шушкави “у“.

Ми вели „За ручек“, покажувајќи со брадата кон купот кромид и компири над кој се препотува. Движењата му се прецизни, точни. Секој употребен грам енергија е добро насочен, брзо патува кон целта. Во еден миг запира за да си ги исуши рацете и челото со едно крпче. „Дојди“.

Со брз чекор минуваме низ собите на свештеничкиот дом, чиј неред мириса на лаванда. Ме носи до една соба со ормани. Отвора еден орман

и од него вади две крпи и постелнина. „Океј?“ и се враќа да го доврши кој знае кој рецепт од неговата татковина.

Дури тогаш со благодарност сфаќам дека не ме праша ништо, дури ни името.

Се движам напрсти низ метежот од луѓе со чинии и чаши в рака. Ме пресретнуваат подадени раце и брзо изговорени имиња додека непрекинато тече поставувањето на трпезата. „Жал ми е, немаме леб“ се насмевнува Лучана, вrткајќи се низ кујната. Изгледа како никому да не му е важно што чиниите, виљушките и лажиците се различни. Се обидувам да најдам лимон во скудноста на празниот фрижидер со остатоците од којзнае кој претходен заеднички ручек.

Пристигнува командосот Отело со ќесе риби в рака. Има груб изглед, со подлактица голема колку топка за рагби а во одот како да е Џон Вејн. „Сега ќе си ги излижете мустаќите“ вели и исчезнува во кујната.

Мирисите што се шират од двете тенџериња на шпоретот се мешаат со пријатната арома на овдешната земја. Десет души седнуваме на маса и, додека Антонио се прекрстува, некој ѕвони на домофонот. Андреа и Емануеле се, долетале од Милано со компактен и молскавично брз автомобил кој мириса на ново и на шумски бор. Се прегрнуваме и тапкаме по рамената. Носиме уште две чинии, две столчиња и се збиваме за да направиме место.

И среде конфузното џагорење на досетки и смеа, погледнувам околу себе (од каде ли се појави лебот?) и, зачудувачки, се чувствувам задоволно. Задоволен што сум тука.

Звукот на камбаните стигнува до мене во една зелена долина каде некој ме следи на коњ. Се обидувам да трчам, но се чувствувам како да ми ги врзале глуждовите. Се движам бавно, пребавно со копитата, а коњот и коњаникот итаат кон мене. И одеднаш ѕвонењето ме враќа во реалноста.

Буден сум во постелата која мириса на чисто. Недела е.

Влечкајќи се низ ходникот го среќавам Марек. Дотеран е од глава до петици и оди на миса.

„На миса?“

„Да, Антонио служи миса во единаесет. Види.“ И отвора една скриена решетка во шпајзот што гледа кон црквата.

Народот веќе ги полни клупите и продолжува да пристигнува. Пред очи ја гледам мојата долга бројаница на обесветени недели.

Камбаните повторно одекнуваат: единаесет е. Во домот повеќе нема никој: длабоката празнина на тишината лулкана од пригушените песни што продираат низ решетката.

Истрчувам долу по куси пантолони и маица.

Бротчињата наредени во низа чекаат на пристаништето.

Клучевите на чамецот со висок клун ми ѕвечкаат во џебот; Антонио ми ги даде.

„Денес ќе пловиме“. Но, во последен миг рече дека е зафатен. Како вообичаено.

Така, на крајот ме придружуваат Диего и Сирио, на кои ако им ги соберам години не стигнуваат ни до триесет.

Додека се оддалечуваме од кејот на пристаништето, Диего со возбуда раскажува за некои херојски подвизи.

Татко му, Отело, навистина бил командос, еден вид специјален агент обучен за сè: накусо, домашна верзија на Супермен. Нормално, тој му е идол.

Сирио се фаќа за работа: ги внесува пловните браници, ја бара куката, сака да управува со управувачот на моторот, но чека знак од Диего за да го следи каде и да е.

Се закачуваме на една пловна платформа каде што се одгледуваат мекотели. По само еден миг Диего е веќе во вода и се искачува на еден вид бункерче врз бетонска платформа. Скока еднаш. Па уште еднаш. Од најниското ниво, па од повисокото. Се враќа наназад: сега се фрла со некој гумен чамец што му служи како падобранец. Збогум, кај и да е ќе се отепа.

Сирио не сака да скокне во морето. Но, по неколкуте повици на Диего станува, возбуден како куче чиј газда влегол во море. Ме гледа и одеднаш, додека се пушта во водата, лизгајќи се по работ, сфаќам: не знае да плива.

Останува закачен за бродот. „Смири се, не клоцај, водата ќе те држи на површина“. Неговите очи се вперени во моите. Побрзо би умрел отколку да признае дека стравот го држи врзан за бродот. Во заднина Диего прави пируети во воздухот и по којзнае кој пат му свири на другарот.

„Верувај ми, не се плаши, движи ги рацете...еве...вака“. И ете, разумот на верата, во форма на желба, се бори против сигурноста што ја нуди дрвото.

Доволен е еден миг. Пушта една рака. Ме гледа со сериозен израз во очите. Потоа уште една. Забрзано дише, сосредоточен. Усните му се искривуваат во насмевка. Извикува. Лебди.

Како се раскажува она што не се раскажува. Каде се зборовите, уште недоволно измазнети за да го најдат внатрешниот пат, мојот пат, кој се распаѓа без да знам како. Убавата измислица на самостојноста, соочувањето со денот на сплавот на плановите, за, на крај, сепак да се чувствувам како бродоломец. Желбите на срцето: разумноста на неопходната и неугаслива потрага по среќата што ќе ги следи прецизните и деликатни контури на судбината на која треба да ѝ се предаде. Без напор. Со свест за брзината на чекорите и за патот. И пред сѐ: со сопатник. Животен сопатник кој ќе има смисла, отаде допаѓањето и заслугите.

Додека ги зашрафувам металните цевки на ова скеле, повторно ги слушам зборовите на Антонио против верската заслепеност и глупоста на оние кои се заробуваат зад некоја фиктивна барикада: од оваа страна добрите, а сите други надвор.

Го гледам Пјетро и неговиот умор по бессоната ноќ мината во бесмислен риболов. Влажниот и студен замор на тажните мрежи. Постави, собери. Повторно постави. И бавното движење на веслата при закотвувањето. Па истовар на уловот, каков и да бил. Скокот во вода на брат му за да го закотви кајчето.

А потоа, човекот на брегот. Сожаливи погледи кои се вкрстуваат. Апсурдна покана, која сепак соодветствува на желбите. Тој поглед полн со риби.

Роко минува крај мене натоварен како магаре. „Ќе ти помогнам.“ Работи како сезонски работник во еден ресторан на пристаништето. Студира градежен факултет, а неодамна служел војска во морнарицата: поминал цела година во касарна на некој рид, набљудувајќи два обора со кози. „Капетанот беше опседнат. Има две раси: високи и ниски. Знаеш, не смееја да се мешаат.“

Па така, пред да оди да се искапи, ни покажува што научил: мееееееe. Како блее козата. Цела година воена служба. Во морнарица.

Доаѓа и Џино бревтајќи како локомотива. Товарот со саксии не го дава никому. Тој ќе ги намести, тој знае како. Со глас на пензиониран баритон ми раскажува дека Лука му бил син и ме прашува дали се сеќавам дека сум вечерал кај нив дома, некогаш, пред многу години. И така,

меѓу купот саксии за редење, се присеќавам. Но не на ликот на момчето, туку на она што ми го раскажа Антонио. Телефонскиот повик што стигнал ненадејно како куршум. Сообраќајната несреќа. Трчаницата до Милано. Искусената болка како белило без форма. Сликата на Лука, заедно со многу други фотографии на бирото на Антонио. А потоа сменетиот живот, раскажуван за време на вечерите, во епизоди. Загубениот и повторно пронајден син, кој го запознал преку раскажувањата на пријателите, преку писмата на оние кои го сретнале и останале восхитени од него; неверојатните епизоди на едно момче кое дури отпосле вистински станало негов син.

Зошто Џино имаше амбиции и ги полнеше со своите успешни проекти на Калабриец кој се преселил на северот. Митот на општествено воздигнување како животна цел, за нивно добро, се подразбира, за децата, преку децата. За потоа, одненадеж, една мртва морска струја да му ги избрише трагите од песокот. Оние што неговото крупно стапало на баритон ги имаше втиснато пред дваесет години претходно. Оттогаш се родила уште една заедница: семејства на духовен пат. На секое од нив им фали по едно делче, но кога човек ќе ги види заедно, не личат така.

Отело и Диего одат угоре-удолу по скалите меѓу маслиновите дрвја. Отело отсечно наредува, диригира, се зафаќа за работа. Диего потскокнува, по малку се буни и фучи, но на крај работи, уморен е но задоволен. Подобро така, ако разбирате што сакам да кажам, додека врсниците се долу на кејот и си играат.

Затекнувам еден долг поглед меѓу двајцата. На работ на усните на Отело се протега линија што наликува на задоволна насмевка. Еден миг потоа, додека ја притиска стегата што поврзува две метални цевки, Диего, со широко насмеано лице, бара согласност од татко му. Но Отело повторно тргнува нагоре по скалите, свртен со грбот.

„Дечки, имаме петстотини милиони долг за реновирање на покривот и прифатилиштето“.

Залакот ми се стркалува од устата. Роко се здрвува со лажицата во воздух. „Да се надеваме дека добро ќе ни оди продажбата на саксии во недела“ вели Џино смеејќи се. Заедно со мештаните, денес на маса сме шеснаесетмина. Тишината го мери придонесот на секој од нас. Не може да не помислиме на клеветничките написи за реставрацијата на камбаната и на олтарот на Богородица, на ланските претреси и истрагите. „Зарем не знаеш ништо за тоа?“ ми вели Џино додека ги собира чиниите во кујната: „Полицијата од корен ја преврте куќава, со Антонио се

однесуваа како да е криминалец... оние од кооперативата сакаа да му направат проблем. Газ и гаќи се со советникот, го упропастија заливот со секакви палати а сега... Еден свештеник што гради прифатилиште ги плаши... им ги крадел гласовите!“

Антонио меша во чинијата.

Свештеничкиот дом, клаустарот, црквата. Пред две години сè било во распад. Антонио немал ни кревет. Времето како да запрело кај наполеонските војници кои беснееле, унакажувајќи статуи и слики, уништувајќи сè пред себе. Заедно со момците и со оние кои можеле да му помогнат, Антонио сè реконструирал и реновирал.

Еден напис во дневникот „Кориере“ зборуваше и против и реставрацијата на готската Богородица, срцето на светилиштето.

„Новиот парох направи повеќе штета од Наполеон.“ Слегувам за да ги полеам цвеќињата и уживам во градината која никнала во клаустарот. И повторно размислувам за тоа.

„Задутре пристигнуваат илјадници посетители од секаде. Ќе има огромен проток на луѓе. Ќе се најдеме во четири часот и ќе си ги поделиме обврските“. И така, се покрена вредниот рој мравки, чиј дел сум и јас сега. Лесно и тешко, во исто време и на исто место. Зошто илјада планови значат и исто толку проблеми. Тука учиш да ги оддалечиш, да се предадеш на нешто поголемо и поубаво. Како морето што ги лула бродовите.

Можеби тоа не се сфаќа веднаш. Можеби и никогаш нема да се разбере. Зошто убавината можеме само да ја препознаеме, но не секогаш сме подготвени за тоа. Како и за вљубување.

Со Марек го растоварам камионот со цвеќиња наменети за хуманитарни цели. Исцрпен, одам да се испружам на пристаништето. Марек ми се доближува одзади и се испружува покрај мене. Го ископува паричникот од фармерките. Слушам шушкање. Ги отворам очите и пред мене гледам дланка со слика на девојка во неа. „Јеана“ ми шепнува. Ја вртам фотографијата меѓу прстите. Одзади има посвета на полски. Неразбирливи љубовни пораки. Впрочем, и како би се објаснила љубовта?

„Одамна ли не си ја видел?“

Станува. „Шест месеци“ и го врти погледот пред себе.

Блескавиот отсјај на брановите се појавува и исчезнува.

Потскокнувам надолу кон влезот на црквата со камерата, триножникот, светлата и сè останато: ми требаат три наврати за да ги организирам идеите и материјалите. Антонио ме замоли да го снимам празнувањето и инстинктивно ми се роди идеја за интервју со поклониците.

Во четири и триесет часот, во мракот, гледам како првите посетители се искачуваат по скалите. Пристигнуваат пеш, ми велат оние што успевам да ги запрам; од различни градови се и доаѓаат да ја фатат првата миса, секој со својата запалена свеќа во една непрекината река на блесоци.

Секој час миса, секој час луѓе од различно место.

Продолжуваме така некое време, вперувајќи ја блескавата светлина и микрофонот в лице на несреќните минувачи. Малкумина застануваат, уште помалку се оние што одговараат на нашите прашања. Марек се обидува најдобро што може да го држи осветлувањето без да сени, но тоа е вистински предизвик меѓу маслиновите дрвја, со прекусиот кабел и луѓето кои бегаат како исплашени рипки. Вештачкото светло ја истиснува убавината на топлите канделабри кои шират слаба светлина, посочувајќи го патот.

„Зошто доаѓаш тука?“

Најобесхрабрувачкиот одговор: по традиција.

Најинтелигентниот: одговорите на животот се бараат или во себе, со помош на психолог, или надвор од себе, преку хороскоп или гатачки. Мислам дека ова е третиот пат. Чесен одговор.

Најтрогателниот: за повторно да ја видам жена ми која почина пред три години. Таа секогаш доаѓаше....

Последниот одговор: какво прашање поставувате? Нели знаете за што доаѓаат луѓето овде?

Принуден сум, иако нерадо, да застанам пред огледало и да си одговорам: не. Не онака јасно како што би сакал. Дојдов за да побарам некаква средина, игла на компасот која ќе ми го посочи патот. Често одиме без насока, нè водат неодложните обврски, роковите и препреките кои многу прецизно го диктираат ритамот на нашите денови. Имам сомнеж дека можеби сè е само еден огромен и удобен холограм, создаден за да го сокрие неспокојот на трката кон неизбежниот скок во темнината. Ги светнуваме вагоните, ги миеме тоалетите, ги менуваме чаршафите на спалните вагони, продолжуваме по патот внимавајќи на станиците, на свирежот на кондуктерите, преправајќи се дека не знаеме дека пругите

водат кон бездна, дека нашиот прекрасен, чист и брз воз ќе излета од шините.

Околу десет часот се чувствувам скапан од умор. Носам сè горе, во свештеничкиот дом, и се фрлам на креветот. По еден час сакам да го побарам Марек: ќе има свечена миса, треба ли да ја снимам?

Одам да се стуткам покрај оргулите. Уморен сум и расеан. Ни проповедта на Антонио не ме погодува. Со окото вперено во објективот ја следам мисата во црно-бело, безволно, без идеи.

Доаѓа редот на Оче наш и тогаш се случува нешто. Гледам како луѓето стануваат, се фаќаат за рака и заедно се молат. Не знам што е тоа што се буди во мене, но го гледам, го чувствувам како расте едногласно со илјадниците други христијани кои се на нозе, во илјадници и илјадници други цркви, во истиот час, во истиот момент, можеби по малку асинхрони, како некој што почнал да кажува реченица а ја завршува доцнејќи еден миг, но сепак заедно.

И таму сум и јас, со моите прашања, ја кажувам Оче наш, по години молк.

Се чувствувам како син, по многу години на стерилна самостојност.

Кејот е преполн со штандови кои продаваат слатки, мекици и шеќерна волна, карамелизирани бадеми и лешници, играчки и разна облека.

Тивко се движам низ неделниот метеж. Марек ме следи како весело куче: бара подарок за Јеана. Во Полска животот бил тежок со години: полициски час во шест попладне, без слобода за располагање со сопственото време кој како што сака, без да може да се отиде на кино. Алиштата биле исклучиво во три бои: бела, црна и згаснато црвена; дозволени биле сите нијанси на сива.

Излегуваме од долгиот тунел од осветлени кампери; испрекинатата змија завршува кај скалите од црквата. Токму таму, на последните скалила, каде што наредивме стотици факели создавајќи геометриски форми со светлината, седи Паолино целиот стуткан. Му се заблагодарува на секој поклоник што ќе мине покрај него. Љубезен е, воспитан. Пред себе ставил превртена капа. Од зори е таму и бара милостина. Одвременавреме ќе се поднамести на едната ногата, без намерно да го покажува осакатувањето на другата. И во еден момент ме вика, ми вели: има уште еден сиромав, како мене седнат на врвот на скалите, Мароканец. „Ама дон Антонио мене ми рече дека не може да се седи на влезот. Зошто

тогаш оној седнал таму? Јас немам ништо против него, но еден друг веќе седна на влезот од селото, овој горе и мене никој ништо не ми остава“.

И така почнуваме муабет: го замолуваат Мароканецот и тој да слезе, а Паолино ми ја раскажува неговата приказна: бил кадет машинист, тргнал да плови на еден „панамски“ брод пред триесет години.

Една ноќ, местел некој кабел што го врзувал товарот во складиштето, кога одеднаш врз него паднала челична греда, тешка којзнае колку тони. Не видел ништо: од ударот му се исекла ногата под коленото. Го имобилизирале за да го качат на палубата. Не чувствувал болка, само огромна тежина што го влечела надолу. На крајот, ја загубил ногата, самата се откинала од коленото.

Биле потребни три дена патување до пристаништето, со гангрена, ампутација на бутот. И тоа во време кога луѓето не ни знаеле што значи здравствено осигурување.

Сопругата го напуштила со двете деца. Се обидел да најде пристојна работа, како знаел и умеел, не престанал да се бори. Дури и се преженил. Добил ќерка. Му се насолзуваат очите. Ќерка му има осумнаесет години и се вљубила во некој Албанец. Си заминала од дома за да стане курва. Ни тој не знае каде е. Кога ќе му се јавела, се преправал дека не знае ништо, за да не ја понижи, но би ја дал здравата нога што му преостанува за повторно да ја има крај себе.

Пристигнува сопругата и му носи ќеса со овошје. Ми ја претставува со достоинство кое значајно ја надминува неговата месечна инвалидска пензија од четиристотини илјади лири: мојата госпоѓа.

Кујната на свештеничкиот дом е брза крстосница на порции и повици, смени и ротации. Сите се зафатени со пречекот на поклониците. Се помага - се јаде - и повторно на работа. Но, мене залаците ми се трупаат во грлото. И натаму ја гледам таа сабја што во ноќта му ја пресекла ногата на Паолино. На дваесет и една година и со кариера пред него. Го гледам во белата униформа на кадет како во ноќта слегува под палубата.

На масата ми го подаваат послужавникот со телешко месо. Молскавично ја претворам половината пресечен багет во сендвич со зелена салата, домат и резанки месо. Земам две праски од садот со овошје и во алуминиумска хартија завиткувам едно парче од тортата со целувки. Трчам надолу по скалите. Но Паолино веќе го нема. Го нема ниту ниското столче и капата.

Попладнето бранот на поклоници стивнува, а штандовите со хот-дог и кока кола се повлекуваат како осека на песочна плажа, оставајќи зад себе кутии и ѓубре по улиците.

Без никакво предупредување морето се разбранува, камшикувано од ненадејните капки дожд. Врне. Врне и сјае сонце.

„Вечерва заминувам“.

Терасата е полна со цвеќиња, со мириси. Антонио се движи наоколу: полева, скубе по некој сув лист.

„Вечерва си одам, Антонио“

„Мм...“

„Морам да се вратам“.

Поткаструва една гранка од здравецот и ја фрла на тревникот.

„Зошто не останеш некое време; сега ќе имаме повеќе време да зборуваме, да поседиме заедно.“

„Да, знам, ама...не можам да останам, морам да се вратам на работа, сега ќе излезе и конкурсот, треба да ги засукам ракавите...“

„А среќен си?“

Тоа е убавото кај Антонио: погодува право во срцта. И никогаш не знам што да му одговорам.

„Среќен...добро се чувствував овие неколку дена. Немам желба да се вратам, но... дали сум среќен...“

„Ти недостига една работа за да бидеш среќен.“

„Една?“

„Да станеш свештеник, да го следиш Христовото начело.“

Како куршум од пушка, директно во градите.

Антонио се врти да ме погледне. Го наведнувам погледот, пак го кревам. Уште е на истото место, неподвижен.

„Ајде Антонио, не се шегувај...“

Повторно почнува да го кубе плевелот од преполните саксии во дворот.

„Одамна сакав да ти го кажам тоа. Не можам да те замислам со цуцла, пелени, кашички. Роден водич си и би можел да оствариш големи нешта. Има многу луѓе што имаат потреба од некој како тебе.“

„Но, Антонио... а Клаудија?

„Клаудија? Нели се оставивте?“

„Па... да, се оставивме, но...“

„Тебе Клаудија или која било друга нема да ти биде доволна, тоа е вистината...“, и продолжува да работи, кастри уште една гранка.

Останувам покрај него и го гледам додека го навртува цревото и го брише подот.

Изборот е исклучив, да продолжам да пловам без компас, или да влезам во семинарија, да оставам сè зад себе, да потрчам по тој пат, сигурен дека следам трасиран пат.

Нема други зборови: само да или не.

Ги гледам Свети Петар и брат му како се враќаат од риболов со полните мрежи и Го прашуваат: каде живееш?

И Матеј како го напушта местото на даночник за да Го следи Него.

Набрзина изнаставив сè во торбата и безволно го сместив багажот во автомобилот. Немам желба да заминам, да се вратам на секојдневието, а јас сè уште ја чувствувам тежината на тоа прашање.

Еден по еден си заминуваат речиси сите. Прегратки и поздрави течат како бавно крварење.

Се враќам горе во свештеничкиот дом за да се поздравам со Антонио; цел ден го барам. „Го повикаа, итен случај, починала некоја старица од новите куќи, надвор од селото“ ми вели едно од момчињата.

Го прегрнувам Марек кој сака да ме покани на свадбата со Јеана.

„Ќе се жениш?“

„Да, ми вели со насмевка, но никој уште не знае“.

Најпосле тропам на вратата од собата на Антонио. Испружен е на креветот со затворени очи.

„Антонио...“

„Кој е?“

„Јас сум...си заминувам...па...сакав да ти се заблагодарам...“

Ги отвора очите, ме гледа.

„Сега ли заминуваш?“

„Па, веќе е доцна, патот е долг...“

Со исправа со негодување. Седнува на работ на креветот.

„Сфатив. Тогаш збогум, врати се да ме посетиш.“

Станува и силно ме прегрнува „и сети се дека не си сам“.

Пред да тргнам, му поставувам уште едно прашање: „Антонио, што сакаше да кажеш денес кога ми велеше дека треба да го следам начелото на Исус, какво е тоа начело?“

За момент се загледува во мене „Да следиш начело...кое не е твое.“

Минувам крај бротчињата на пристаништето, полни со вода. Некој со кофи ја празни насобраната вода од дождот од претходниот ден; дел од бродовите се покриени со церади, некои се полупотонати, напуштени и полни со алги.

Колата брзо ме носи надвор од градот по кривините на регионалниот пат. Остриот свиок ми дава можност да фрлам уште еден поглед кон црквата горе. Така во себе зачувувам слика на огненото зајдисонце, веќе со носталгија во погледот.

Зад ридовите е темно, станува сè потемно, а автомобилските светла едвај го сечат мракот.

Превод: Андријана Русеска

## Улицата„Карло и стоте ноздри“

На Рафаела

Твојот нежен глас се престори во челик и ти побара од мене да престанам да те барам, да замолкнам.

„Можеби се сфаќам себеси премногу сериозно?“ – ме прашуваше - но веќе го знаеше одговорот.

А сепак, кога се запознавме, сѐ беше поразлично. Ми се врати во спомените сликата на твојата рака како се обидува на менувачот во автомобилот да ја допре раката на твоето поранешно момче, Роберто; на неговите очи додека гледаа во ретровизорот барајќи го патот; на дваесетте шишиња вино што ги зеде од онаа винарија каде што бевте заедно со твоите пријатели...

Твојата рака, твоите раце во потрага по љубов, желни и жедни што ја милуваа неговата рака лабаво поставена на менувачот додека возеше. А јас си мислев: „О Господе, колку е убаво такви раце да ги бараат твоите“.

Тој изблик, таа љубов беше жежок пламен што ја ширеше наоколу својата топлина и беше добредојден и за еден незнајник како мене, седнат одзади, замрзнат од осаменост.

Беше дојден од Финска. Јужноамериканец во Скандинавија: класичен оксиморон. Вашиот прв викенд во твојата куќа. Вашиот меден месец. Куќата што ги паметеше нашите спомени, со песните и цртежите на Виви закачени во кујната, нашата заедничка слика на јахта, покрај креветот, железните скали, кои ти ги обои скалило по скалило како виножито, сјајот во твоите очи со кој конечно ме пречека, но не како „господинот што е горе” од твојата исплашена внука, кога ме виде во бањата, туку како господар на твоето срце, кога ми рече, бакнувајќи ме: „Не, Роберто веќе го нема.“ Ете: сето ова веќе не беше наменето за мене. Беше туѓа територија, недостапна. Рајот од каде што бев исфрлен.

Првата ноќ бев вознемирен. Ме гушеа ѕидовите од мојата гарсониера во центарот на градот. Нашата софа зјаеше затворена, покриена со убав и бескорисен јорган.

Ти немаше да дојдеш.

Ти немаше повеќе да дојдеш.

Ти никогаш повеќе немаше да дојдеш.

Се обидов да ги поправам задачите по латински на масата од нашите заеднички вечери, со нашите супи од зеленчук за кои смислувавме оригинални варијации.

Очите ми се лизгаа по конфузните реченици од неразбраните пасуси. Одеднаш, звук на чекори ме прекина на половина, ме натера да го задржам здивот, мислејќи дека тоа се твоите чекори долу на улицата Кастело, дека трчаш накај мене, како онојпат кога бев болен, толку многу болен што ме дереше грлото кога зборував на телефон.

Но тоа беа двојките од петок навечер, друштвата кои се собираа за викенд, некој кој трчаше на својот состанок.

А потоа мртва тишина во ноќта.

Отчукувањето на часовниците, од кое не можеше да заспиеш кога преспиваше кај мене, па морав да те нишкам во прегратка, да те гушкам силно и да те бакнувам.

Но колку време помина оттогаш?

Најбрзиот и најстудениот ден на една едрилица долга четири метри со брзина од триесет јазли и ледена езерска вода.

Нагоре-надолу на курсот за инструктори на федерацијата. Нагоре-надолу, надевајќи се дека студенилото од водата, немирните бранови и силните превртувања ќе ме подигнат.

Речиси и успеав во пливачкото одело со дупка на вратот, добро стегнато на зглобовите и глуждовите, па се полнев со вода како некое шише кога одев надолу.

Истите маневри ги повторив веќе десет пати, но со умот бев на друго место. На моменти за малку ќе го убиев и мојот кормилар.

Вечерта дома повторно бев вознемирен, не успевав да се смирам, ѕидовите ми се претвораа во пламен. Ти. Твоите очи. Твојата насмевка. Твоите раце. Твоите зборови наменети за него. Зборови кои не можев ни да ги замислам. Еден јазик, неговиот, непознат; вашиот кој алудираше на нова љубов, неразбирлив за мене.

Чувствував топлина која надоаѓаше на бранови. Не можев повеќе да останам.

Подзастанав малку со погледот вперен кон ноќната масичка. Клучевите. Клучевите од моторот. Клучевите од мојата куќа. Клучевите од твојата куќа. Ги зедов сите и излетав надвор.

Кога стигнав пред застаклениот влез, светлото беше запалено. Седев на моторот со кацига на главата: како некој средновековен воин подготвен за борба. Со скршено срце, со бистар и чист ум.

Се гледам себеси: последните метри со моторот исклучен по брзото возење низ стоте селски патишта што водеа до тебе – така ми велеше ти, смеејќи се. Низ места со чудни имиња, за кои ми раскажуваше првиот пат. Вакароло, улицата Карло Боромео, по оној што дошол од Милано за да ги лекува болните од чума, Стоносник – се шегував јас – сигурно потекнува од стоте ноздри, поради мирисот на штала и ѓубриво.

Тивко слегувам од моторот. Полека минувам низ празниот двор, сè уште чист од варта со која го бојадисавме. Погледнувам кон твоите љубени растенија на терасата. Двете мали борчиња горе на првиот кат: ние во форма на растение, со надеж дека ќе пораснеме и ќе станеме силни како гората во планините.

Ги барам клучевите. Молчам за да чујам подобро. Ѕвечкање на садовите откај сосетката. Разгледувам наоколу. Лаеж во далечината.

Блиската меана каде што се чувствував толку осамен, тогаш кога излеговме првпат сите заедно. Роберто задоволен од шишињата вино, од сплотеното друштво на твоите верни пријателки. Колегата на твоето момче кој ги поддржуваше ставовите на партијата„Лига“. Јас кој ѝ ѕвонев на сестра ми, обземен од чувството на отфрленост и осаменост. Тоа се остри секавици во моите забрзани срцеви отчукувања, кои ме движат напред-назад. Ми се чини дека слушам музика однатре. Стојам стаписан.

Ми надоаѓаат слики од една средба од нас тројцата.

Ги стискам тупаниците в џеб.

Го ставам клучот, отклучувам, еве сум внатре.

Тишина.

Полека ја затворам вратата зад мене.

Запалено светло во аголот. Непознат мирис во воздухот.

Влегувам во кујната. На масата има изгасната свеќа. Црвениот восок разлеан наоколу. Полека се качувам по скалите.

Тишина.

Спалната соба. Отворен куфер. На фотелјата каде што се пресоблекував, сега е неговата облека. Грда бордо вратоврска фрлена на наслонот. Го гледам отворениот куфер. Во него има копачки, расфрлани кошули.

Чувствувам пулсирање во ушите. Ми доаѓа да повратам. Се качувам по скаличките кои водат до бањата. Мојата четкичка за заби е сè уште таму.

Повратив во мијалникот, но не сум јадел од претходната вечер, а од нагонот ми се дујат вените на слепоочниците.

Внимателно го исплакнувам мијалникот и слегувам долу.

На една полица има кутивче за накит. Го отворам. Прстен. Ужасен прстен за твојот вкус. И до него украсна машничка.

Тишина.

Се враќам во спалната соба.

Ангелчињата што ти ги испратив сѐ уште се таму, на разгледницата.

А нашата фотографија? Ние двајцата прегрнати на јахтата? Ја нема на ноќната масичка. Ја нема повеќе.

Те замислувам како ја подготвуваш собата за него. Исчекување. Фотографијата набрзина тргната во последен момент.

Гледам наоколу додека чувствувам гадење што повторно ми го притиска грлото. Го отворам прозорецот да земам малку воздух, гледајќи кон двете мали борчиња.

Ноќта е ведра, без месечина. Како оние што толку ти се допаѓаа. Како кога се прегрнавме за првпат.

Те слушам како ми велиш добра ноќ, додека се симнувам долу во кабината на едрилицата. Ти, завиткана во вреќа за спиење, надвор на горната палуба: сакаше да заспиеш гледајќи ги ѕвездите.

И мирисот на морето.

Се враќам долу. Ќе ве чекам седнат на софата. Во кујната, во мијалникот извалкани чинии од вашата домашна интимност.

Седнувам.

Го гасам придушеното светло кое те осветлуваше додека ми го читаше Гете.

Тишина.

Седам во темницата. Ги замислувам фаровите на твојот автомобил со златна боја кои ќе ме осветлат низ прозорците. Изненадена заради изгаснатите светла. Изненадена кога ќе ги вклучиш и ќе ме најдеш седнат со вцрвенети образи и надуени вени на слепоочниците.

Не можам да продолжам. Не успевам ништо друго да замислам.

Јас и тој како се тепаме, како се тркаламе по земја? Ти како се обидуваш да нѐ разделиш?

А потоа, всушност. те гледам. Лута. Бесна. Како ми велиш да си заминам. Веднаш да си заминам!

Како прснуваш во плач, додека тој се обидува да те утеши.

Не би знаел што друго да направам освен да си заминам, како краставо, валкано и претепано куче. Но со секавични погледи упатени кон него.

Одеднаш се чувствувам смешно. Жално смешно.

Повторно го вклучувам светлото.

Се појавуваат твоите книги наредени во низа, честитки препрочитани веќе илјадници пати, стрипот од Мигелито на шпански јазик. Претскажување? Ситните ронки од иднината се вгнездуваат во набори од нашето секојдневие. Сега дури и стрипот и твојот курс по шпански јазик, веќе сè си добива смисла и се чини како јасен показател за она што ќе се случи.

Станувам.

На твојата работна маса, расфрлани листови, неделен календар, кратенка на авионска компанија со ред на летање и илјадници други поводи за бескорисни сомнежи.

Изгледа како сложувалка без цртеж.

Останувам уште малку таму.

Одеднаш звук од улицата.

Паника дека ќе бидам затекнат со самото отворање на вратата, вашите погледи вперени кон мене. А јас беспомошен.

Брзо ја земам кацигата што ја оставив на земја.

Излегувам, се качувам на моторот и го палам.

Светлината од фарот го осветлува застаклениот влез.

Последен поглед кон двете мали борчиња.

На патот кој минува низ ноќното поле се разминувам со автомобил со златна боја од спротивна насока.

Којзнае дали ме виде.

Којзнае дали беше ти.

Превод: Маја Божиновска

## Поздрав

Септември, 1994. Алберто има 18 години, и оддалеку ја крева раката за да се збогува засекогаш со групата, слика која сака да ја понесе со себе, без да се збогува со никого. Ние, збунети и раштркани, стоиме стотина метри понапред, сè уште сплотени од сè што доживеавме заедно на крајот на курсот, на крајот на летото. Некој се обидува да го викне. „Алберто, ееееј Албертооо! Дојдииииии“. Тој стои неподвижен, со кренатата рака. Ги креваме рацете за да го поздравиме, мавтаме. Тој одмавнува со главата. Плаче? На крај го гледаме како исчезнува, проголтан од толпата.

Превод: Анастасија Поп Стојанова

# Меѓу редови

Таа го предаде својот есеј, убаво среден, јас пак се мачам со чкртаници и пречкртување, напишала убав текст: две деца, сопруг, вистинско семејство од соништата, куќа, куче, баби и дедовци и сè останато.

Работат ли? Секако, и двајцата сопружници, имаат сосема доволен приход за живот, одговара мирно и самоуверено.

Безмилосен објектив вперен во мојата сегашна состојба (а кој знае уште колку години?): независен професионалец, сингл, односно неженет, фриленс фотограф, или поточно несреќник кој ја граби секоја можност што ќе му се понуди и... шлаг на тортата, уште живее кај мајка му. Типичен случај на италијански маж од последната генерација.

И еве нè, јас и таа, по дваесет години. Уште е убава; кон тогашната смиреност се придодал и некој воздржан спокој, кој ја прави уште поубава. И подалечна.

Ех, што ти значи зрелост.

„Ќе се прошетаме ли?"

„Зошто да не?"

„Сладолед?" и така, без фантазии, со нејасно чувство на вина предизвикано од нејзините заводливи облини, - кои баба ми ги дефинираше како"симпатична личност", ја следам во бесцелната прошетка по улиците на центарот.

Ги минуваме сите баналности во низата години што нè делат и ете нè, нижиме радости и разочарувања, вљубувања и одљубувања, роднини и роднински врски. Работата, нужна воздишка, прекинатите студии, музиката, таа страст во младоста закопана од потребите и начелото на реалност. Накусо, сета онаа теологија на секојдневниот живот раскажана со помирен тон меѓу лижењето сладолед од чоколадо и лимон (мислев дека е ванила!).

Се качуваме до тврдината.

„Знаеш дека никогаш не сум бил тука?" лажам, мислејќи дека ќе ѝ угодам, зошто секогаш е убаво да се глуми Цицерон во сопствениот град.

Гледано од горе, сè си има свој ред, и свиокот на улички кои се искачуваат по ридот, над големото пристаниште. Се забележува еден брод што пристигнува од далечината.

„А ти, што ќе ми раскажеш?" ме прашува, гледајќи ме накосо.

Навистина не би сакал да оставам впечаток на губитник: и вртејќи одоколу и го раскажувам последниот успешен проект што го имав пред две години, како да е сегашен. Со голема вештина и алхемиски напор успевам да го претворам застоеното и смрдливо мочуриште на мојата сегашност во пријатно капење, прво од летната сезона, студено, но, кога ќе излезеш на сонце за кратко ќе си речеш: ах што беше убаво!

Слегуваме од високата кула од која сè се гледа одлично и таа задоволно се сместува на една клупа. „Сакаш ли да седнеме малку?“

Ми раскажува за своето секојдневие, - за работата која е монотона, но не изгледа исфрустрирана поради тоа.

„Вообичаени работи“, вели со мирна насмевка. Ми раскажува за зделките на фирмата на сопругот, кои во последно време се многу нестабилни.

И, додека зборува, сè се заплеткува во црвениот вител на нејзината костенлива коса која ме носи во едно праисториско, но сепак неверојатно блиско минато. Една заедничка пријателка која на снегот ми вели: „Знаеш ли кој ќе се мажи?“

„Останала трудна, имала погаче во фурната“.

Меч го прободува моето тело, од крај до крај, додека стојам на црната и најстрмна патека, со скиите насочени кон амбисот. Така нека биде. Нека ме проголта бездната.

Колку години поминаа? Се обидувам да пресметам според возраста на „погачето во фурната“.

„А, син ти?“

„Андреа? Заврши четврта година гимназија, но уште не знаеме дали го положил завршниот испит.“

Ете, завршена работа, точно осумнаесет години. Се силам да ги слушам нејзините проблеми на фул-тајм мајка, повторно ги гледам во главата моите први бакнежи на карпите, првите истражувања под маичката и двете тркалезни гради кои ми се лизгаат меѓу рацете.

„Па и не е така лошо“ - вели таа, погрешно толкувајќи ја мојата воздишка - „Туку, знаеш, во последно време имаме многу грижи. Пред некој ден, токму пред гимназијата на Андреа, уапсија некој што продавал дрога. Можеш да замислиш? Згора на сè, годинава му се падна еден наставник кој, штом што ќе отвореше уста, на човек му доаѓаше да го стрела“ и така ми сервира и беседа за опасноста на училиштето, за одговорноста на воспитувачите...

Истовремено повторно ја гледам како се сонча топлес, и првиот пат кога ме викна да се тушираме заедно, слика по слика. Со малку труд ја слушам и филмската музика во заднината: Нил Јанг. Кантри нотите на една далечна, полуполитизирана култура, полна со поразителна меланхолија која ја придушувавме со забранетите бакнежи и милувања. И убавите дијамантски ѕвезди закачени на синиот тепих на ноќта само за нас.

Ме гледа со прашален поглед во зениците, откривајќи ги мојот замаглен поглед кој изискува присуство.

„Што ти е? Ме прашува со лесно повишување на гласот. Би можел ли да ѝ кажам „Поубава си дури и од моите сеќавања“ без да паднам во некој филм на Нино Д’Анџело?

Се ограничувам на едноставно кревање на рамената велејќи: „Ништо, знаеш, и јас имам некои проблеми...“

Го гледам во далечината морето во кое траектите ги браздат истите линии секој ден, два пати дневно. Тонам во море од меланхолија и осаменост, додека таа ми зборува за помалата ќерка од само три години, која годинава ги фатила сите егзантемски болести; па и дедото префатил од внука си, а на негова возраст таквите болести се опасни...

Во еден момент забележувам една ѕвезда ниско на хоризонтот. Венера е, ѕвездата која прва изгрева, а последна заоѓа. Убав спас кој ми нуди една едноставна и искрена досетка: „А...се сеќаваш ли на Касиопеја?“

Ме гледа како што прави таа, заривајќи ги зениците длабоко во моите очи, како чекан во карпа. Веднаш стига до врвот.

„Да, секако. Убаво беше да те слушам како зборуваш за ѕвездите. Штета, никогаш не успеав да ги пронајдам...“

И седиме така, гледаме надолу од високиот рид на зрелоста во убавите бродови кои исполовуваат на риболов. Во тишина.

Сè уште би можел да ја научам за ѕвездите. Ја ѕиркам. И таа ме гледа.

„А ти, немаш девојка?“

А сега? Се обидувам да ѝ ја раскажам мојата замрсена и нерешена приказна, замешувајќи ја мојата збунетост со по некој сегмент на евтино психолошко толкување. Не е убедена.

„Но, не си вљубен...“ ми одвраќа со слаб сомнеж во гласот.

„Хмм...“

„Знаеш ли дека имам обожавател?“ ѝ се смеат очите.

„Можеби и повеќе од еден“ ѝ намигнувам, но веднаш се покајувам пред нејзините усни кои се собираат во сериозен израз.

Ми раскажува за некој колега кој ја тормози, ја гуши; би сакала да се ослободи од него, но не знае како.

„Не разбира, муле е! Опседнат е со мене! Маж ми се лути зошто вели дека сум премногу наивна... А сега треба да бидам и повнимателна...“ и нежно ја положува едната дланка на стомакот.

„Не, навистина? На пат е и третото?“

„Не се знае уште дали е машко“

„А, значи треба да прославиме!“

„О Боже, веќе е доцна“, вели, фрлајќи расеан поглед кон часовникот. Со рацете в џеб и нерамномерни чекори ја следам по стрмните улички кои се протегаат низ градот, закачен на ридот покрај морето.

Премногу брзо стигнуваме до огнено црвениот мотор што ми го позајми Рикардо. Срамежливо се насмевнува, благо веднејќи ги очите.

„Па, жал ми е за минатото. Во твоите писма насетував како да ми се лутиш“.

Ги кревам рамената.

„Па, никогаш не ми пиша...“

„Но, знаеш, - продолжува - некои работи,... како да се ценат луѓето е нешто што се учи со текот на времето, а јас тогаш бев толку млада...“

„Гледаш дека сепак те најдов на крај. Сега те молам да не се загубиме од вид повторно, зошто во спротивно следниот пат ти ќе бидеш таа што ќе ги брои децата!“

Се смее со ведрина и благодарност.

Тргнувам со моторот брмчејќи зад аголот, а таа насмевка - по толку години - сè уште ме придружува.

Превод: Андријана Русеска

# Пуплинска кошула

Го отворам орманот. Фиоката. Доцнам. Одбирам кошула по случаен избор. Една од многуте наредени без некаков ред. Секојдневни кошули. Секојдневни вратоврски. Секојдневни денови. Но вечерва...

Вечерва ќе одам да ја земам. Прв состанок. Автомобилот светнат и блескав. Испеглан работ на панталоните. Долга бела линија среде улица. Масло од црн асфалт тече под гумите. Додека се облекувам за миг се колебам: меѓу многуте кошули ѕирка таа, пуплинската. Таму е, во еден агол, скриена и заштитена од другите обични памучни кошули. Ја чека соодветната пригода. Но, на првата вечер... Не. Подобро да ја избегнам. На првиот состанок, облечен во двореден костум, ќе значи веднаш откривање на картите. Таа кошула ја чувам за резерва, џокер што можам да го употребам подоцна, во поспокојни времиња.

Чувствувам празнина во стомакот која се искачува до пазувите. Не е мачнина, не е ни болка, туку е поглавје кое се затвора. За миг ми се одвлече вниманието и веќе поминаа пет години: денес ќе дипломирам. Борба со чукање на машината, корекции, копии и подврзување, сè до последен момент. И одеднаш работата е завршена, компримирана во едно книгиче. Во него се кондензирани деновите минати во библиотеката, во архивата, во институти и во установи.

Пуплинската кошула молчеливо чека. Сигурна е: дојде нејзиниот момент. Вообичаеното колебање, ја плаќам сметката за суеверието, последно поврзување со недофатливата сегашност која веќе мириса на спомени: ја облекувам вообичаената сина комбинација, мојата униформа за полагање испити.

Ноќва не можам да заспијам: наутро ме чека разговор со одговорниот на персоналот. Сè што имам направено досега нема никаква важност, важен е само утрешниот ден. Важно е убаво да се претставам, да се допаднам, да бидам убедлив, да предизвикам восхит. Да, токму така. Рацете ми се испотени. „Добар ден, јас сум Маурицио Перфети, се сеќавате... разговаравме по телефон”. Исклештена насмевка. Го приспособувам гласот пред огледалото: никогаш нема да успеам. Не ме бидува. Па сепак сè зависи од тоа. Ако почнам да пелтечам, крај. Може ли да се замисли новинар да пелтечи? Ако се посрамотам, што потоа!?

Жестоко критикување. Многу свежо новинарско перо што реже како брич, мој мил директоре, едно од најострите, најсуптилните и најдосетливите пера во Рим и околината! Ждригање. Чека само да му дадете знак и веднаш ќе биде ваше, подготвено да ги бие вашите илјадници битки, за вас да ги испукува куршумите мастило. Доволен е само еден знак. Еден збор. Гледам како се сместува во огромната кожена фотелја зад работната маса од масивно ореово дрво. Очилата дополу спуштени на носот, ме гледа накосо. Сини очи, очите на директорите се секогаш сини, готови веднаш да ти копаат во душата.

„Перфети?... Хммм“ мрзеливо си ја допира брадата.

Ова е крај. Знаев дека нема да му се допаднам. Доволен му беше само еден поглед. Кој знае колку баксузни очајници кои тропаат на сите врати во универзумот видел? Директорска психологија. Цели педесет години грижливо оценувал погледи и пера од секаков калибар. Мене ли ќе ме одбере! Еден од илјадниците дипломирани без иднина.

Секако дека ќе размисли, секако дека ќе ми јават, ако имаат потреба од мене. Да, можеби по триесетина години. Или пак, ако по некоја случајност, цела редакција умре од вечера приготвена со отровни печурки, благодарение на мене, се разбира.

Пригодна насмевка? Ни случајно. Насмевка да се видат сите триесет и два заба, искрена и чесна! Никогаш не се знае. Кој знае, еден ден... човек повеќе помни симпатични лица. Подобро да не чувствува вина.

Колку сум наивен: тој ќе почувствувал вина?! Ситни рипчиња како мене ги откачува за седум минути. Точно седум минути. Сигурен сум дека штом ќе излезам низ вратата веќе ми го заборавил името. А јас пак сакав да ја облечам убавата кошула. Море нека оди по ѓаволите!

Дојде големиот ден: денес се женам. Сè е подготвено: бонбоните и бонбониерите, свештеникот и црквата.

Во салонот некој ги слика роднините.

Моите стари пријатели за кратко ќе дојдат да ме земат. Поглед кон книгите и хартиите кои го опишуваат и содржат мојот живот. Спортските трофеи, музиката и уметноста, нумизматичката збирка, сите игри што возрасните ги измислуваа за да останат деца.

Ја отворам фиоката со кошулите за да ја извадам најновата и на површина се појавува таа, пуплинската кошула. Малку истуткана бидејќи многу долго време стоела во фиоката. Речиси...

И за миг, се најдов како ја пробувам. Ставам вратоврска пеперутка, го облекувам палтото, ставам цвет на реверот. Не изгледа воопшто лошо. Напротив. Чук чук. Мајка ми тропа на врататата. „Готов си? Побрзај, доцниш! Што ќе помислат за тебе ако се појавиш по невестата?" Набрзина го соблекувам елекот, потоа вратоврската и пуплинската кошула, за да ја облечам новата.

Се роди.

Не можев да поверувам, не ми се веруваше сè до крај.

Кога Карла се сврте во креветот и се склопчи до мене, јас бев потонат во Grande sertão[1] од Гимарејж Розао, со неговите *jacunços*[2], уморни и изгорени од сонцето, свирепи и вљубени, очајнички без цел.

Јавав крај Риобалдо по латиноамериканските *патпи*, при нападот на некое село.

Внесен во читањето, заглушен од викотниците при нападот, не слушнав јасно што ми вели.

Медното гласче како од далечина да ми кажуваше нешто, нешто како „повеќе од еден месец", дека можеби... односно сигурно е.

Моите ѕидини одеднаш се здробија. За само еден миг. Делчињата се стркалаа во една нежна прегратка.

И еве го како ѕвони телефонот во редакцијата, трчање кон клиниката со Стефано до мене и неговите зборови „можеби е попаметно јас да возам". Зарем токму денес требаше да пишувам за синдикатот и за штрајкот на металските работници?

Сите чекаат во ходникот, баби и дедовци, сватови и други роднини. Ме пресретнуваат во групички, ме грабаат, ме прегрнуваат, се туркаат. Како е, а? Задоволен си? Оди да те види! Го виде ли? Сакаш да го видиш? Ја виде ли Карла? Сега е изморена, да ја оставиме да се одмори.

Мушнувајќи се покрај чичко Џовани, влегувам во белиот ходник во одделот за гинекологија.

Да, но овој пат сакам сè да направам како што треба. Лука. Ќе стојам до тебе, не пред тебе, да ти помогнам додека растеш. А кога ќе дојдеш дома, ќе облечам свечено одело, она што ѝ се допаѓа на Карла, можеби со убавата кошула.

---

1 Роман на бразилскиот писател João Guimarães Rosa.

2 Вооружени криминални групи ангажирани за обезбедување плантажи, имоти и сл., особено во северниот дел на Бразил.

Седам во партер: салата е сосема затемнета, дури и безбедносните светла се исклучени. Мракот на очекувањето. Се слуша понекое поткашлување и нејасно негодување. Се дава постпремиерата на едно оспорувано дело за неодамнешниот европски конфликт. Изгледот на ангажирана личност ми дава интелектуален тон кој ми се допаѓа.

Ја поканив Мануела, брановидно име, исто како телото што го носи на прошетка. Инекција за подмладување и самољубие која маж на моја возраст може да си ја дозволи, далеку од продорните очи на жена ми и од расеаните очи на децата.

Веќе два месеца ѝ се додворувам во редакцијата. Веднаш штом дојде ја воведов во работата и ја заштитив од минското поле на редакцијата. Стручни совети за баналните грешки што ги прават почетниците, златни правила за да се напише убава статија, постојано внимавање да не згреши нешто, совети за лицата што треба да ги запознае и оние што треба да ги одбегнува, како да се однесува со директорот, каков тон да користи со главните уредници и сè по ред за она што требаше да го научи.

Таа е мое создание, ја набљудувам. Вечерва ќе следи романтична вечера во “Канто дел ризо” крај реката а потоа „оп“ меѓу свежите и оптегнати чаршафи во нејзиниот стан.

Претставата наскоро ќе почне; само уште неколку секунди... почнува музиката. Мануела се потпира со главата на моето рамо. Не ми е гајле ако ја извалка со карминот, и онака не е пуплинската кошула, ќе одам во тоалетот за време на паузата и ќе ја зачистам во мијалникот.

Наредниот ден седев опуштен пред телевизорот со поглед кој шеташе меѓу разни канали за вести и реклами, без да се задржи на нешто, замелушен од досада, со мозокот пуштен на пасење.

Тивкото удирање на дождот по прозорецот ме оттргна од таа непрекината мешавина од слики. Го отворив и наеднаш свеж мирис на младост ме удри по грбот, како кога во првите недели од пролетта излегувавме на сонце да играме топка во ливадите, а земјата беше сè уште влажна. И ми дојде на ум подмолното сеќавање на првата средба со неа, на срамежливоста, на неодлучноста што да облечам. Одеднаш ми дојде желба да ја пробам старата пуплинска кошула, сè уште недопрена, наменета за состанок кој никогаш не се оствари.

Долго ја барав по фиоките каде што можеше да се наоѓа и во погрешните фиоки, во орманите и сандаците.

Кога жена ми се врати и го виде сиот тој неред што го направив, уморно ме погледна и рече: „Чудно ти беше да седиш сам дома?“ Беше потребно долго време да ѝ објаснам што правев, продолжувајќи со барањето.

Ѝ текна додека го соблекуваше мантилот. Расеано рече: „Кошулата... пуплинската кошула, онаа белата за смокинг“. И повторно сфаќам дека ја сакам. Сопругата, како одличен, педантен психолог на нас самите, ме погоди со тоа сеќавање. Да, одново ја засакав и заради сето она што го претрпе со мене. Па, каде е?

„Ја видов на Лука кога излегуваше“.

„На Лука?“

„Да. Отиде на ширинката да поигра фудбал со другарите“.

Превод: Радица Никодиновска

# Вагата на неволјите

Срeќко се родил седмаче во февруари, во камен студено време, во селцето на ридовите. Рано престанал да оди на училиште, веднаш штом стасал да му помага на татко си со дрвата; но подоцна тоа станало и негова привилегија во однос на неговите помалите браќа, кои пак никогаш не ја запознале старата учителка.

Не се сеќавам на годината, но периодот бездруго беше ист; како и студенилото.

Еден ден дојде кај мене и ми рече дека во шумите нашол мало богатство. Бидејќи не верував, следниот ден ме однесе во полињата, подрака носеше еден чуден предмет, завиткан во крпа. Останав занемен: тоа беше вагичка. Една од оние што се користеа во аптека со два таса и тегови.

Па и не ми личеше на некое големо богатство и му реков да му ја врати на оној од кого ја беше зел, не наседнав и не верував повеќе во приказната за шумата, тој инсистираше, се налути и не ми дозволуваше да ја допрам велејќи дека треба да се знае да се ракува со неа, не била како онаа од аптека и секое тегче имало посебно значење. Отсекогаш го сметав Срeќко за сериозно момче, можеби и по малку чудно, осамено, но тогаш помислив дека работата на нивите му го поматила умот и му заблагодарив на Севишниот што ми дал работа на маса со книги.

Го гледав како ракува со вагичката, небаре е реликвија, исклучително внимателен со теговите, не се осмелуваше ниту да ги допре.

Тогаш се налутив, сешто му изнакажав, да не губи време со глупости, дека и јас си имав работа и дека порано или подоцна во селото ваквите работи ќе се дознаеја и тогаш ќе беше полошо за него.

Со вагичката подрака остана да ме гледа како будала, со рацете в џеб: но кога тргнав да си одам, потрча по мене, ме замоли да гоислушам, бидејќи не можел повеќе да го чува товарот во себе.

Ми раскажа дека еден ден додека собирал дрва, минатата есен, под едно дрво ја беше нашол вагичката и теговите. Била нова, како штотуку излезена од продавница. Без збор да каже, си ја зел и ја однел дома: со надеж дека ќе ја препродаде. Но се плашел тоа да го стори веднаш и причекал малку.

Ме праша дали се сеќавам на оној пат кога изгоре фармата на Фернандо. Во моментот ни тој не обрнал внимание, но играјќи си со теговите, во тасот му останал еден од 70 грама. Ме праша и за кравата што ја имаше во шталата за која ниту ветеринарот не разбрал каква мака

има? Е, токму тој ден почнал да се сомнева, бидејќи и тој ден во тасот од левата страна, добро се сеќавал, во левиот тас имало едно тегче од 20 грама. Токму така: едно тегче.

Не дека беше суеверен, иако имаше низалка лук обесена на вратата во куќата, но не се случило само еднаш туку повеќепати: болеста на Марија, уривањето на старата куќа надвор од селото, двата умрени зајаци на Пјерџузепе. Ме набљудуваше со главата навалена на една страна во очекување да кажам нешто: гледајќи во моите нокти, го фатив подрака и  му реков да не се грижи, дека никому нема да кажам дури ни во молитвите на Севишниот,  но под услов да се врати следниот ден на истото место во истото време, и со себе да ја земе вагичката. Штом беше толку опасна требаше нешто да преземеме.

Веќе почнав да губам надеж, но тогаш го видов дека доаѓа од нивата со бовча под мишка  и недоверлив поглед. Му ја зедов вагичката, сè уште завиткана во крпата и гледајќи го директно в очи го прашав колку бара.

Среќко поприми итар израз и си ја зема бовчата. Одмавна со главата: „Останува кај мене, јас ја најдов, моја е и не ја продавам“. Крвта ми зовре, му се заканив дека ќе раскажам низ селото: на сестрата Марија, на кумот Фернандо и на сите други, да го уништат, не може бесплатно да ја работи земјата, дека ќе ми беше доволен еден знак, два збора на тие што ги знаев!

И така потиштен ме гледаше од долу нагоре, потоа ми ја подаде вагичката, одвиткувајќи ја од крпата. Конечно! Парите подоцна, ми поверува, утре, во исто време на исто место.

***

Оттогаш поминаа пет години: со големо трпение научив како да го користам тој величествен предмет.

На почетокот несреќите се случуваа така, случајно, без да можам да имам каква било моќ врз нив; малку по малку почнав со мали опити, односно научив да ги користам двата таса, купив дополнителни тегови за да  ги имам сите тежини: ги забележував сите можни комбинации и последиците  од групирањето на теговите, нивниот однос и место на тасовите. Сето тоа го запишував во тефтерот, што љубоморно го чувам во една фиока и тајно го препрочитувам, кога сум сам.

Но, пред две години сфатив колку беше ограничена моќта на вагичката; дури тогаш ми светна големата идеја. Купив поголема вага и ја

поставив блиску до онаа која за мене повеќе немаше никакви тајни, барем така си мислев.

За волја на вистината, на почетокот не дека ништо не се случуваше, напротив забележав дека вагата почнува да губи сила, несреќите не се случуваа со временска точност како што беше предвидено и често нецелосно соодветствуваа на зададените барања.

Па така често се случуваше наместо грофицата да го изгуби брошот, некоја од селанките губеше тенџере.

Ми требаше време да го разберам тоа, но малку по малку научив да ја поставувам поголемата вага до помалата така што успевав да ги добијам посакуваните ефекти, дури и со засилен ефект. Така, вагата купена од старо купувам ги собра моќите на првата и ги зголеми.

Земав сè поголеми и пософистицирани ваги, бројот на тегови претерано се зголеми: веќе станав вистински експерт и секој момент беше погоден за пишување на прирачникот: преглед на што ги прикажуваа комплексните механизми на вагите придружени со мапи во зависност од позицијата на тасовите.

Но кога веќе почнав да се сметам за творец на туѓата среќа и несреќа, токму тогаш сите ваги, почнувајќи од најмалите почнаа да не ми се покоруваат повеќе.

Повеќепати се обидував, купив нови ваги, ги заменив сите делови на старите, ги анализирав моите последните чекори, тефтерите преполни со белешки каде што со години ги запишував моите проучувања. Но залудно. Вагите спобудалеа, сами си ги извршуваа задачите, а моето интервенирање не можеше ништо да измени ниту барем малку да повлијае на неразбирливото и мистериозно дејство.

Сè почесто ми се случуваше, кога ќе се вратев дома, да здогледам поместени или додадени тегови на некој тас, а пак некогаш и најразлични предмети. Очаен, на крајот се обидов и да се ослободам од нив, но немаше никој заинтересиран да купи барем една. Од неколку успеав да се отарасам но само во мојата работна соба имав дузина. Дури ни препродавачот продаваше на стари предмети не ги сакаше велеше дека тешко може да ги препродаде.

Почнав да ги расклопувам и деловите да ги ставам во орманите, имав основан страв дека можат да се свртат против мене. Можеби ќе звучи неверојатно: но ги наоѓав склопени, секоја на своето место!

Во меѓувреме, малите но секогаш почести неволји во домот, ми го потврдуваа стравот за можните бесмислени одмазди. Сега се таму и си

разменуваат меѓу себе делови и тегови, тасови, механизми и запчаници, во темнината на орманите и креденците. А јас, беспомошен, не можам ништо да направам!

Превод: Емилија Николовска

## Consecutio temporum
(сложување на времињата)

„Времето тече толку брзо што никогаш не поминува“
Мој школски другар

Класот не успеа да се воздржи на веста дека старата, дебела и страшна професорка Скардаки ќе нè поштеди од своето присуство и дека добриот Бог ги услишил нашите молитви тој ден да нема испрашување по грчки и по латински, ниту пак жртвени јарињa на олтарот на катедрата,. Дури ни пискавиот глас на Розарија, служителката на нашиот кат, со половина сериозен и половина расположен израз, не успеа да нè смири. Пред нејзини очи некои скокаа по ходниците, меѓу клупите, некои се прегрнуваа како преживеани војници штотуку вратени од фронт, некои пак врескаа како да го постигнале решавачкиот гол на светското првенство. Розарија нè прекоруваше со насмеани очи, но јасно беше што мислеше. На крај, по неколку благи обиди да нè смири, си замина со вообичаените лажни закани дека ќе викне некои наставници страшни како Скардаки или, уште полошо, директорот на училиштето.

Тогаш класот се подели во мали групи, еуфоријата почна да стивнува малку по малку и на крај се претвори во алтернативни активности и разговори за спорт, за љубов и за мотори. Некој се обиде да наметне дискусија за изборот на наставничкиот совет, но повеќе за да се покаже позрел во однос на другите отколку поради вистинска политичка убеденост. Момчињата, помалубројни во класот, обично се собираа во мали групи, подготвени за играње крвави морски битки, импровизиран фудбалски натпревар што го играа со прсти и со минијатурни топчиња од стуткана хартија врз клупите кои во нивната фантазија се претвораа во стадионите Меаца, Олимпико и Сан Паоло. Рикардо, најдобриот ученик во класот, вадеше мини шаховска табла и играше со Андреа, со кого се натпреваруваше во сè, почнувајќи од оценките па сè до Симонета, која уживаше да ги гледа како се жештат за ништо, несвесни дека вистинската причина за нивното постојано расправање беше да го привлечат нејзиното внимание.

Една мала група девојчиња разговараше за шминкањето, за фризурите, за убавината на шпицестите чевли, повторно во мода, и за други глупости. Тврдокорните, за волја на вистината малкумина беа такви,

очајнички се обидуваа да се сосредоточат на математичките проблеми, свесни дека утрото нема така да заврши, дека порано или подоцна ќе се појави професорот Марешали, со горчлива насмевка и со црвениот дневник под мишка. На последните клупи некој пееше балада од еден кантавтор од левицата. Една поголема група се организираше да излезе надвор, на игралиштето зад училиштето, за да поигра фудбал.

Во еден момент, среде тој заглушувачки метеж, вратата од училницата се отвори. Не сфативме веднаш што се случува, барем не ние кои се наоѓавме на крајот од училницата, застанати на прозорецот, во обид да му фрлиме кеса со вода на еден тип од последната година, кој често доаѓаше да ни додева заедно со своите другари.

Влезе без да гледа наоколу и стигна до катедрата. Ја остави својата стара кожена чанта, носена со години. Седна, го поднамести столот, ја намести и вратоврската едвај вртејќи го вратот.

„Добар ден“, рече тивко. Му одговорија неколку гласови од првите клупи, заглушени од разните измешани извици и пискања.

Човекот беше облечен во хавајски комплет, во многу широка сина кошула, од којашто излегуваше вратот налик на глава на желка излезена од оклопот. Ја отвори кожената чанта, откопчувајќи ги двете предни ременчиња: реликт во кој го крие богатството кое штедливо и внимателно го дели на своите легии ученици од минатите времиња. Времиња кога чекорот на професорот во ходниците веднаш ги враќаше учениците со наведнат поглед во клупите, готови да станат кога тој ќе влезе.

Сега никој не обрнуваше внимание на тоа иако, малку по малку, стануваа свесни за неговото присуство. Групите стануваа попретпазливи, внимаваа да не ја изгубат новостекнатата слобода но, во исто време, беа сериозно внесени во своите алтернативни активности.

Малку по малку, неговото присуство имаше ефект на прогресивна осека и морето почнуваше да се повлекува. Некои се враќаа во клупите, некои седнуваа, како ненамерно, само затоа што наоѓаа столче во близина. Џагорот на оние што играа полека почна да губи сила.

Стариот професор сѐ уште седеше на катедрата и, откако извади две подврзани книшки од некои класичари, откако се потпиша во дневникот и го остави пенкалото, молчеливо почна да ги гледа надвор цветовите на дрвјата што пукаа од пролетното зеленило.

Наеднаш, како полека да се буди од внатрешната летаргија, си го прочисти гласот, фрли поглед на класот со своите водени сини очи и повтори „Добар ден“, со една далечна љубезност и придушен тон кој, за

чудо, го привлече вниманието на мнозина и, малку по малку, во училницата завладеа тишина од почит, нејасно зуење на очекување.

Со слаб глас ни го кажа она што ние веќе го знаевме: нашата професорска по литература, нашиот секојдневен кошмар потхрануван од малата кутија во која ги чуваше бројчињата што по случаен избор ги извлекуваше за испрашување, рече дека тој ден нема да дојде и дека тој ќе ја заменува. Љубезно нѐ праша дали сакаме да ни објасни нешто, дали има некоја лекција што не сме ја разбрале или што сакаме да ја повтори.

Класот го гледаше небаре беше марсовец: безопасен, невооружен вонземјанин кој ја прифаќаше можноста дека не сме сфатиле нешто, а не дека нашето незнаење зависеше само од тоа што сме „еден куп невоспитани мрзливци", како што често ни велеше професорката Скардаки. Стариот професор имаше поинаков ритам и пристап и ни откриваше поинаква реалност: професорите по литература не беа сите како дебелата професорка, ние не бевме невоспитани безделници и можеби постоеше дури и поинаков начин да ги научиме поимите што се обидувавме да ги запаметиме без да разбереме зошто.

На сето ова се надоврзуваше сликата на еден човек можеби премногу кроток, оддалечен светлосни години од нашата хормонална виталност. Ни изгледаше депресивен и деморализиран, со темпо кое беше во согласност со неговото забавено дишење, сосема различно од темпото на часовите на кое бевме навикнати, со нагли премини од пасивната форма на аористот на Македонските војни, од *Свршеници* на Индонезија, од докажувањето на теоремите на Евклид на Џефри Шосер, сето тоа зачинето со бомбардирање од домашни задачи и испрашувања што меѓу нас, соучениците, создаваше другарски дух, небаре бевме војници на фронт.

Во таа атмосфера на збунетост, Донатела, која секогаш седеше во првата клупа, побара да ни го објасни *consecutio temporum*, сложување на времињата. „Се разбира, ако се согласуваат и другите" додаде, вртејќи се целата за да го погледне класот зад нејзиниот грб.

Следуваа неколку мига тишина. Таа тема неодамна ја обработувавме и дури и самиот назив претставуваше тврд орев што малкумина имаа храброст да го изџвакаат без да си скршат некој заб. Еден ученик, можеби повеќе за да ја прекине тишината отколку што реално беше убеден во предлогот, и уште еден кој сакаше да види дали навистина постоеше начин да се смени перспективата во однос на она на коешто бевме дотогаш навикнати, срамежливо ја поддржаа Донатела.

Професорот благо ја наведна главата, со умерен знак на согласување и стана од катедрата. Си ја поправи ретката бела коса. Молкум се приближи до катедрата и почна да црта табела со правоаголници и квадрати која полека ја пополнуваше. На крај, пред нас се појави една едноставна шема која професорот ја објаснуваше со едноставни примери и на јасен начин. Одеднаш добивме впечаток како да гледаме на работите од високо, следејќи некоја сигурна и несоборива елементарна скица. Односот меѓу сегашно и минато време, меѓу минато и идно време добиваше јасни, логички и уверливи облици.

Во меѓувреме, некои почнаа одново да го губат вниманието, да си ги освојуваат своите простори на игра и слобода, одложувајќи го *consecutio temporum* за да очајуваат некое попладне заради многу тешката задача. Впрочем прекрасно беше чувството на ослободување на одамна потиснуваната енергија во тие неколку квадратни метри во училницата, претворени во простор во кој може да се дише без кошмари.

Така зуењето полека почна да станува сѐ погласно. Некој побара да излезе со оправдување дека треба да оди понадвор или поради изборот на наставничкиот совет. Во тоа време постоеше идеолошка подвоеност на соучениците со јакна Ескимо и чанта Толфа, а на нозете чевли од брендот Кларкс, и оние што носеа вратоврска, тексашки чизми и мантил Тренч или јакни Лоден, кои автоматски беа дефинирани како фашисти. Сѐ беше задолжително поделено на левица и на десница. Фризурата, моторчињата и облеката недвосмислено говореа за припадноста. Оние пак што беа приврзаници на некоја форма на духовност, беа обвинувани дека имаат врски со ЦИА и со Ватикан, или со некои мрачни махинации за стекнување моќ. Романтичните врски со соучениците се сметаа за малограѓански грев на затворање, бидејќи требаше да бидеме ангажирани, свртени кон новото општество, кон новиот свет што требаше да се гради. Оттаму љубовта, спортот, музиката, сѐ требаше да биде насочено кон постигнување на таа цел. Тоа беа години на жестоки борби кои се чинеше дека најавуваат големи промени. Така и изборот на наставничкиот совет во училиштето добиваше белег на вистинска изборна кампања, како од тоа да зависеше опстанокот на една нација, опстанокот на самата демократија.

Кога ќе се погледнат фотографиите на студентите од 1968-69 и оние од 1969-70 се забележува огромна разлика. На првите слики учениците носат одела и вратоврски, прибрани се и дисциплинирани, со професорот среде нив, неприкосновен Бог на знаењето, додека на другите слики се

гледаат групи ученици наредени без никаков ред по надворешните скали на гимназијата, во фармерки и маички со куси ракави, куси здолништа, џемпери со линии и доколенки, долги коси и патики, со професорите застанати на страна, како нивното присуство да е чудно и непожелно.

Кој знае од кој свет излегол тој професор и што мислеше за еуфоричниот делириум на младите, полни со хормони, со политички и колективни слогани, со моторчиња со коишто беше полн училишниот двор па дури и атриумот, и во кој свет влегол подоцна.

Сигурно е дека редоследот на возрастите има своја поезија, меланхолична елегија, во постојано новата песна па сепак иста за генерациите лисја на Хомер.

Тогаш не знаев дека тие стихови зборувале за нас и за него. Помислив на тоа по многу години додека препрочитував една страница од Херман Хесе: еден стар огромен костен кој под своите безбројни гранки пречекува генерации ученици кои доаѓаат и си заминуваат и се менуваат од генерација во генерација, како лисјата и годишните времиња.

Но тогаш.

Тогаш засвони ѕвончето за крај на часот. Стариот професор ни мавна во знак на поздрав додека ја затвораше кожената чанта и ни посака успех во учењето.

Го видов како исчезнува надвор од училницата, повлечен од буицата џагорливи ученици во ходниците за време на одморот, проголтан од празниот простор меѓу скалите.

Скопје, 21 јануари 2020 - 17 март 2021

Превод: Радица Никодиновска

# Претходниот ден

на Јоланда
на Демиен Рајс

Тоа утро, конечно слободен во еден лебдечки меур. По толку години неизмерен напор, како просторно-временски кафез без решетки, притиснат од постојани рокови и одложувања, претајќи во сиромаштија, во секојдневните потреби, во попатни познанства, познанства во професионалната средина, по скалите на факултетот, во студентскиот дом Форстер и часовникот со нишало од деветнаесеттиот век, запрен како предупредување. Години на студирање и работа со наведната глава, со поглед вперен во тастатурата на компјутерот, во лавиринтот од филџани за чај и нездрава храна, чоколади јадени во комбинација со пржена ролна суши на станицата на метрото. По некој пријател, по некое краткотрајно попатно пријателство, цимери од сите националности кои минуваа како привремени придружници на патувањето, во разните преселби од еден стан во друг. Работата во работилницата за реставрација, работата на универзитетот, лицата на студентите што минуваа низ годините. Потоа, враќањето во Италија. Ненадејното стрмно искачување, при што тие години поминати во странство сè повеќе заличуваа на сон, заграда осудена да остане засекогаш отворена. Препотувањата в кревет плашејќи се од неуспех, плашејќи се од можноста да не фрлил сè во канта без воопшто да забележи. О Господе, не. Тој повторлив сон на каллива угорнина по која неговиот автомобил постојано се лизга и никогаш не успева да стигне никаде. Кошмарот од качување по обиколница и откритието дека асфалтот е само тенок слој од ништо кој може да се поткрене со рака. А под него бездна и скок од десетици метри. Страв да не се разбуди сиот облеан во пот.

Потоа годините на предавањата со Јоланда со која секој пасус го прочешлуваа од збор до збор, курсевите по англиски јазик, обидот да се фати за нешто, за некого, за да не падне во таа бездна. Далечината, чувството дека тој проклет ѕвер не смее да му ја цица крвта и да изеде толку голем дел од животот, не смее да победи, не смее да го порази! Со наведната глава, влечеше сила и ум од исцрпените нерви, кога мислеше дека не може повеќе да издржи. Цело лето затворен во соба од четири квадратни метри, целата зафатена од една работна маса и три полици полни со книги и фотокопии. Единствена разонода - кафето во 23 часот.

Сонот за цел документарец во еден агол. Сите пари за опрема, за такси и за школарини, за времето, за станарина и за метро. Црна дупка, проклета бездна што продолжуваше да вшмукува сѐ, како тој да беше само обична коска што треба се соголи до срж. Тоа утро се разбуди со половина вкочането лице, со левото око ширум отворено и со подигнат капак. Со чувство дека не може повеќе да го контролира своето тело, дека може да гледа само од зад матираното стакло. Ужаснатост од сознанието дека телото е бунтовен роб, затвореник кој избегал и го оставил сам.

А сега? Страв од сложеноста на здравствената бирократија, страв и ужас од немоќта на медицината, од глупавото и нечовечно студенило на технологијата. Години што се втиснаа во два дена и две осамени ноќи затворен над работната маса и компјутерот, во трка со времето. Бркајќи го последниот рок, без друга можност освен онаа да успее. Закана од страна на институцијата што му додели стипендија, од страна на одделот, и се плашеше дека нема да му бидат доделени други стипендии, застрашувачката сенка на неуспех што се претвори во густ и дебел покров, црн како онаа последна ноќ кога остана буден во препишување и поправка на библиографијата.

Утредента достави сѐ во печатницата. Плати. Поткасна нешто на аголот, како што правеше и претходните години, со ситни пари во џебот, кога требаше да одлучи дали да се качи во метро или да јаде сендвич. На крајот на краиштата небото беше ведро и имаше малку сонце. Гледаше нагоре и се чувствуваше лесен. Чувствуваше болка во срцето размислувајќи за неа, во Италија, далечна, иако толку блиска и интимна, дури и без бакнеж и прегратка. Телефонски повик полн со тишини и придушени зборови. Успеа да заврши. Му остануваше само да чека. Сѐ беше во рацете на оној што требаше да сумира седум години работа во еден предмет од хартија, составен од 90000 зборови и десетици илустрации и фотографии. Ја слушна како остана во тишина, немоќна да зборува. Нешто што потсетуваше на плач. Имаше камен во срцето. Сакаше да ја прегрне, да ја нурне главата во нејзините коси и да се изгуби во нејзиниот мирис, со неа да го дише различниот воздух. Но, не. Наместо тоа се чувствуваше пијан и креветот го пречека како осамен и пријателски настроен самарјанин. Му се причини како полека да тоне во мека и попустлива земја. Мрачен и тежок.

Кога се разбуди, беа поминати осумнаесет часа. Повторно беше утро, блескаво и ново. Не му преостануваше ништо друго освен да чека. Следниот ден ќе ја подигне докторската теза и ќе ја достави до

Студентски прашања. Потоа со авион ќе се врати на неговата појдовна точка. Засекогаш ќе ѝ се врати на рутината. Но денес, денес му беше ден за одмор – единствен - целосен прекин, по толку години, без грижа, без тежина. Гледајќи во синото небо, се сети на сите оние години кога го гледаше како покрив од сив, депресоген метал. Тоа синило му зборуваше на нов јазик. Сфати дека за сето тоа време немаше видено ништо друго освен метрополата, работливиот Лондон кој - како што рече Енрико - те принудува да трчаш. Малку му требаше и тој да почне да се чувствува како хрчак, да трча, целиот мускули и коски, и да ги разбере тие зборови. Никогаш не виде ништо друго. И помисли на брегот. На станицата во Ватерлу се качи на првиот воз за Плајмаут, право кон морето.

Сакаше да го види морето. Морето на Ламанш. Се најде пред поморскиот музеј со бродот на Нелсон и помина половина ден со историски предмети и приказни за битки и куриозитети, нурнувајќи се во приказна од деветнаесеттиот век за апсолутни вредности и за жртвувањата на силни мажи, во состојба да издржат морска болест и куршуми истовремено и, ако е потребно, да го дадат животот за татковината.

Но, не беше задоволена желбата да го види морето. Праша каде е, каде има плажа.

Во близина имаше автобуска станица, единственото место што се чинеше дека може да служи како ориентир. Еден број и еден автобус, додека небото стануваше сиво и мрачно. Возачот имаше брада, црна, густа, израсната на сите страни. Беше истетовиран на рацете и на вратот, а со синџирите околу вратот личеше на некој што во секој момент можеше да стане од воланот, викајќи, со нож во раката, по локање на последната половина литар пиво. Но тој љубезно му рече да почека и дека ќе му покаже како најлесно се стигнува до морето.

Автобусот се движеше покрај насипот од  трева и песок што се чинеше како да нема крај. Затоа застана до возачот кој изгледаше сосредоточен во некоја далечна точка, додека потпевнуваше некоја неразбирлива песна. Луѓето се качуваа и слегуваа на постојките среде ништавилото. Одеднаш, без најава, му рече да слезе.

„Овде? Сигурно?“ и возачот насмеано климна, покажувајќи му кон една точка од другата страна на патот.

Автобусот повторно тргна и во еден миг се претвори во мала сива точка проголтана од потемното сивило на хоризонтот. Ја премина улицата, држејќи го весникот што го најде во возот. Се искачи на насипот, потпирајќи се со рацете на колената, додека се напрегаше да ја искачи

стрмнината. И се појави  морето коешто ја милуваше камената плажа со зеленикави алги. Го обви мирис на гнило и на студенило, заедно со влажноста и глетката на таа непријателски настроена вода. Гледајќи го тоа зеленило, сфати дека е различно од морето што отсекогаш го познавал, и не само по бојата. Како река течеше од десно кон лево. Полека се приближи како пред див ѕвер. Ги собу чевлите и ги подвитка панталоните. Плажата беше пуста и водена, полна со зелени и кафеави алги, камења и школки. Импресивна.

Во далечината дрвени бараки.

Се приближи уште повеќе. Претпазливо ја допре водата. Студена, туѓа и матна вода. Полека ги потопи нозете. Неколку сантиметри и веќе не се гледаа. Стоеше некое време гледајќи ги малите вртлози што се создаваа околу глуждовите, додека водата продолжуваше да тече како немирна река. На дното лежеа мали камења и школки, а алгите го зголемуваа чувството на лепливост и гнилост коешто никогаш дотогаш го немаше сетено.

Најпосле студот и силниот ветер го убедија да се одлучи. Излезе од водата и се избриша со рацете. Си ги обу чевлите и чорапите и тргна по брегот, во спротивна насока од местото каде што дојде со автобусот.

Во меѓувреме небото стануваше сè помрачно и почнаа да паѓаат крупни капки дожд. Одењето спроти силниот ветер, кој се засилуваше од минута во минута, стануваше сè понапорно. Дождот почна да лие, не ќе можеше да се засолни дури ни под двојно поголем чадор. Ветерот го удираше в лице со силните капки дожд кои експлодираа на песокот отварајќи кратери. На крајот застана да го отвори весникот и го стави под кошулата. Така барем ветерот немаше толку силно да го удира, како што го научи татко му кога возеше веспа. Бојата на морето беше во контраст со железното сивило на небото, само татнежот се спојуваше со оној на белите бранови кои се кршеа еден од друг. Ветерот се чинеше како да е рака која го притиска на градите и го спречува да оди напред, додека отежнато чекореше по темниот песок, тонејќи со секој чекор. Со наведната глава, сè понакиснат, продолжи тврдоглаво да оди, сè повеќе претопувајќи се во тој пејсаж на чудна морска есен. Капките му течеа по лицето и можеше да ги вкуси кога ќе ги допреа неговите усни, солени како солзи одамна останати таму.

Ете, му доаѓаа во пресрет луѓето кои ги имаше запознаено во тие три години како интелектуалец емигрант, можностите за средба, домовите во коишто живееше, заморот и осаменоста на еден ужасен град во

неговото секојдневно мелење на дванаесет милиони животи, нивното варење во метрото за на крај да ги врати на отворено, на воздух полн со дожд.

Се сети на Ева, која толку очајно ја сакаше што остави девојка и свет зад себе. Девојка којашто навистина ја сакаше, но сфати дека не е доволно да се сака толку многу, ако љубовта не е обострана. Повторно му дојдоа во мислите ноќите поминати со неа на поткровјето, чиј под се тресеше секојпат кога ќе поминеше автобусот од ноќната линија. На дискусиите на странски јазик, за кои никогаш не беше сигурен дека навистина ги разбрал, дека бил разбран. Се сети повторно на огромното, темно и дрвено нишало на скалите на катедрата, еден вид фосил од минатото во кое универзитетот бил храм, а професорите негови свештеници, на општество каде улогите биле одредени и јасни како автопат со наплатни рампи. Часовник кој видел генерации студенти како минуваат трчајќи кон животот што ги чекал малку понатаму. Сега неподвижен, без да има кој да го навие.

На крајот стигна на последната автобуска станица, а оттаму набргу и до железничката.

Го фати својот воз кој почна со ритмичко движење да се враќа во градот.

И конечно заспа, смирен, накиснат и среќен.

Превод: Христијан Стојановски

## На друга страна

Звукот го пресече воздухот небаре премногу затегнат чаршаф. Дали се вртевме, барајќи се со поглед? Не, ги баравме нашите мобилни за да го замолчиме што побрзо тоа неподносливо пиштење што го параше молкот исполнет со успокоен немир и чувство на немоќ.

Прашални погледи: твојот е? Не, да не е твојот? Франческа пребаруваше по џебовите од мантилот, реаниматорот во палтото, јас по џебовите од панталоните.

Беше едно мирно неделно попладне. Беше толку мирно што се чинеше нестварно. Одделението за брза помош беше во исчекување на неизбежната врволица од итни случаи која, како вообичаено, набрзо ќе нè збрлавеше. Најбројни случаи имаше меѓу моторџиите и емигрантите. Скршеници и убоди со нож. Некој се шегуваше велејќи дека, да не беа тие, ќе требаше да ја смениме професијата.

Во просторијата влезе Марко. „Подготви се, доаѓа т*ежок случај*. На тој начин ми соопштуваше дека ќе почнат маките и дека нема лесно да ми заврши смената. „Еден тип паднал од авионче. Всушност двајца биле, другиот е веќе на оној свет. А од првиот ќе го донесат она што останало од него“. А ‘она што останало’ ја опфаќаше целата трауматологија. Скршен череп со делумно истурена мозочна материја, големите писки извртени за деведесет степени, карлицата сведена на растурена сложувалка од делови од бутните коски.

Малку можевме да му помогнеме на ‘она што останало’, сè се сведуваше на низа обиди за да не нè обвинат за небрежност, за да го одбегнеме прогонот од страна на роднини, на адвокати и на осигурителни компании. Факт е дека тоа не се правеше заради него, зашто тој никогаш немаше повторно да стане автономен и свесен човек каков што бил пред само неколку часа.

Ја испочитувавме целата низа протоколи.

Задолжителни анализи.

Дијагнози снимени на диктафон.

Констатиравме смрт и ги потпишавме наодите.

Ја изгонивме смртта со невкусни шеги со техничкиот персонал, пред чинија тестенини во соседната кујна.

Некој со чаршаф го покрил трупот, оставен во чекалната за да го однесат во мртовечницата.

И токму во тој момент, додека бевме внесени во нашето секојдневие, во соседната соба каде што се наоѓа компјутерскиот томограф, заѕвони мобилен телефон. Повторливиот и заглушувачки звук на веселата и упорна песничка се рашири како нестварна опсена. Не дека не бевме навиканти на музика, на шеги, на барање авионски билети на интернет, на телефонски повици и размена на љубовни изливи. Сакам да кажам дека животот течеше наоколу, одбегнувајќи ја згрутчена крв и знаците на ирационални моменти на ужас. Сирените за нас претставуваа само зголемување на работните обврски, срцев застој, употреба на апарат за реанимирање и дефибрилатор, човечки трупови, извештаи коишто треба грижливо да се изготват.

Но, тој мобилен, сѐ уште жив, пискав, силно закачен за конците на едно несвесно постоење...

Се погледнавме за миг, дури и на тврдата Тити, која работи во салата за реанимација, ѝ се направија горчливи набори на устата. Погледнав во собата. Ѕвонењето под чаршафот прекина. Тоа потраја само еден миг, колку да земе здив и повторно почна. Та-ра-ра, та-ра-ра, та-ра-ра...

Видов дека го бараа жена му, ќерка му, старата мајка, еден пријател, колегата кој го чекал во канцеларијата. Та-ра-ра, та-ра-ра, та-ра-ра......

Мобилниот продолжуваше да ѕвони под чаршафот. На друга страна, животот продолжуваше да тече.

Во еден момент, на знак на Тити, еден од техничкиот персонал го крена чаршафот и почна да пребарува по панталоните, во стутканото палто, со брзи и нервозни движења, како нестрплив татко со мало дете кое се измочало во гаќи.

Мобилниот престана да ѕвони на некој таинствен начин и никој не се почувствува обврзан да одговори.

Барем во тој момент.

Превод: Радица Никодиновска

# Очи полни со жито

Меѓу хартиите најдов една стара црно-бела фотографија од времето кога одев во средно училиште. Тоа беше класичната фотографија од целиот клас, онаа на којашто сите соученици се редат еден до друг. Се случуваше еднаш годишно. Доаѓаше професионален фотограф, со дозвола од управата, тропаше на вратите училница по училница и го замолуваше дежурниот наставник да нè испрати до школскиот двор. Тоа беше една од оние ретки можности кога нè ослободуваа од строгиот ритуал на часовите, од испрашувањата, од работа на час. Можеше дури и да прекине еден од најстрашните моменти на школскиот живот: испрашувањето на табла. Додека повеќето ученици кришум си играа меѓу клупите и само малкумина – оние во првите редови – следеа што се случува, несреќниците се наоѓаа лице в лице со наставникот, принудени да одговараат на прашања поврзани со последните научени лекции, да преведуваат од латински на италијански и да решаваат зададени вежби, да се истакнат на табла решавајќи математички равенки, хемиски формули и импровизирани преводи.

Кога фотографот или домарот ќе се појавеше на врата, целиот клас излетуваше надвор во рој, налик стадо крави кои, ослободени од реата на шталата, излегуваат на зелени ливади. Дежурниот наставник се обидуваше да задржи некаков ред и се симнуваше со класот во школскиот двор. Но контролата веќе беше во рацете на фотографот кој го распоредуваше класот по висина, по род, по којзнае што, а наставникот стоеше настрана, соголен, во своето ново руво на фотографски објект, изедначен со своите весели ученици. Надвор од часовите се шегувавме, се собиравме во групи, слободни во надворешниот простор, затекнати во еден миг исполнет со кислород.

Повторно се гледам себеси заедно со моите соученици како фаќаме место во дворот, во цветната леа, како се поместуваме по наредба на фотографот кон клупата од травертин и како се качуваме на неа; некои стојат, некои седнуваат. Нè повикуваат да гледаме кон фотоапаратот, да се смееме, да останеме за миг во тишина. Тука е Андреа бунтовникот во прв ред, на себе носи еден вид војничка дебела јакна и покажува со прст кон фотографот, Патриција која се обидува да го спречи, Марианџела која се смее криејќи се зад Даниела, Џована со црни очила и горда на својот долг капут, кутра Џована што ќе загинеш два месеца подоцна во сообраќајна незгода со мотор. Тука е Рикардо, млитав и пребрзо пораснат,

со неговата добродушна насмевка.  Тука е Донатела, задавена од блузата и нејзините тесни панталони што не оставаат многу простор на имагинацијата, Рита, која, како и вообичаено, си ја поднаместува косата, Роландо со рацете на колковите, тој, последен во класот и подготвен да си го смени животот и да стане милијардер. И како што ми рече неколку години подоцна, одмаздувајќи ми се:„еј, први во школо, последни во животот!”. До мене е Паоло, во неговиот син пуловер со V-отвор, пророк на својата иднина како генерал на воздухопловните сили.

Моите раце се прекрстени на градите и погледот ми е отаде фотографот. Точно се сеќавам што гледам. Погледот ми е вперен во едно поле со жито токму надвор од училиштето, преку улицата. Се обидувам да го запомнам до најмал детаљ за да стапам во контакт со самиот себе од иднината. Посакувам да можам да си зборувам, да дознаам како ќе биде, што ќе правам во животот, која професија ќе ја прегрнам, на која жена судбината ќе ѝ се вкрсти со мојата.

Всушност, гледавме кон животот од којшто сè до тој момент бевме заштитени, затворени во училница, лакт до лакт, наведнати над книгите, но со погледот кон големите пенџериња под коишто колите врвеа, дрвјата цутеа и ги губеа своите лисја во нивниот вечен циклус, а реалниот свет се чинеше дека конечно се приближува. Стоевме на работ на таа иднина што ќе нè проголташе. Љубопитни и по малку изгубени, се прашувавме„а што ќе правиш, после?”, без да знаеме дека на последниот средношколски ден нашите патишта засекогаш ќе се разделат, дека ниту една утринска прозивка нема повеќе да нè држи збратимени меѓу четирите ѕида, сите заедно.

Додека гледам пред себе, очите ме печат во обид да ги држам отворени и вперени кон таа иднина, кон тоа житно поле. Напролет се полнеше со класје и млади средношколски парови одеа таму да флертуваат, да се љубат, создавајќи мрежа на мали патеки и отворени места каде што можеа скришум да се прегрнуваат.

Дури многу, многу време подоцна, кога тие полиња ќе бидат збришани од урбаното градежништво заедно со романтичната визија за тие магични години и кога на нивно место ќе никнат анонимни зградишта, ќе сфатам дека тоа не биле житни полиња, туку само стрништа и диви треви без значење, испечени од сонцето.

Превод: Теодора Јосифовска

Università "Ss. Cirillo e Metodio" di Skopje
Facoltà di Filologia "Blaže Koneski" - Skopje

# Con gli occhi pieni di grano

Marco Pescetelli



A cura di
Aleksandra Saržoska

ISBN 978-608-234-108-8

Università “Ss. Cirillo e Metodio” di Skopje
Facoltà di Filologia “Blaže Koneski“-Skopje

Edizione dell'Università "Ss. Cirillo e Metodio" di Skopje
Facoltà di Filologia "Blaže Koneski"-Skopje

**Editore:**
prof.d-r Vladimir Martinovski,
**A cura di:**
prof. d-r Aleksandra Saržoska
**Lettura dei testi in macedone:**
prof. d-r Slavica Veleva
**Traduzione dall'italiano:**
Radica Nikodinovska, Andrijana Ruseska, Teodora Josifovska, Marija Muratovska, Maja Božinovska, Sara Despotovska, Hristijan Stojanovski, Anastasija Pop Stojanova, Dragana Markovikj, Emilija Nikolovska
**Design della copertina:**
prof. d-r Ladislav Cvetkovski

**Tipografia:** MAR-SAZ
**Tiratura:** 100

Tutti i diritti riservati. È vietata la riproduzione, anche parziale, con qualsiasi mezzo, non autorizzata.

Università "Ss. Cirillo e Metodio" di Skopje

Facoltà di Filologia "Blaže Koneski"-Skopje

# CON GLI OCCHI PIENI DI GRANO

di
**Marco Pescetelli**

**A cura di**
Aleksandra Saržoska

Skopje, 2024

# INDICE

INTRODUZIONE ........ 7
CAPPOTTINO BIANCO ........ 9
CADENZA SOSPESA ........ 15
ACQUA ACETOSA ........ 19
MI DISPIACE CHE PARTI ........ 20
ASINTOTI ........ 21
I DUE COMPLICI ........ 41
AUGURI ........ 47
OFFERTA SPECIALE ........ 51
LA VIA DI CARLO E DELLE CENTO NARICI ........ 62
LA MANO ALZATA ........ 67
TRA LE RIGHE ........ 68
LA CAMICIA DI POPELINE ........ 72
LA BILANCIA DEI GUAI ........ 76
LA CONSECUTIO TEMPORUM ........ 80

IL GIORNO PRIMA
........................................................................................................................................85
DA UN’ALTRA PARTE
........................................................................................................................................90
CON GLI OCCHI PIENI DI GRANO
........................................................................................................................................92

# Introduzione

„Tutte le lingue hanno la loro bellezza: la bellezza della lingua italiana sta nella sua ricchezza di parole.........

L'italiano è bello
Mariangela Galatea Vaglio

*Tutte le lingue hanno una loro bellezza, ma la bellezza della lingua italiana è dovuta anche alla sua ricchezza di parole* per cui, giustamente, diciamo che l'italiano è una lingua bellissima! Spinto proprio dalla bellezza di questo linguaggio, il Dipartimento di lingua e letteratura italiana ha deciso, insieme ai suoi studenti, di tradurre dall'italiano al macedone una raccolta di racconti di Marco Pescetelli, al fine di regalare ai lettori macedoni la possibilità di arricchirsi con la lettura delle sue bellissime commoventi storie. È doveroso dire che il Laboratorio traduttivo al Dipartimento di lingua e letteratura italiana è molto attivo e finora sono state pubblicate diverse traduzioni di autori italiani.

Anche in questo caso, come per le precedenti traduzioni, l'idea di fondo è stata quella di incoraggiare gli studenti del Dipartimento ad avventurarsi nelle acque della traduzione, spronati dalla necessità di superare le difficoltà del processo traduttivo sotto la guida dei professori, valicando nel contempo la barriera linguistica dell'idioma che stanno imparando. Tale difficoltà è particolarmente complessa, quando si deve trovare il significato esatto di una parola, di un'espressione o di un'intera frase.

L'idea, realizzata al termine del 2022, nasce alla fine del 2017 con l'arrivo di Marco Pescetelli a Skopje, lettore di ruolo MAECI presso il Dipartimento di lingua e letteratura italiana alla Facoltà di Filologia "Blaže Koneski" dell'Università "Ss. Cirillo e Metodio" di Skopje. Il percorso è iniziato con la scelta dei racconti e con la selezione degli studenti che li avrebbero tradotti, ed è terminato con l'attenta rivisitazione degli elaborati da parte dei mentori. Nella preparazione dei testi, sono stati coinvolti gli studenti del quarto anno del Dipartimento di Lingua e Letteratura Italiana, i laureandi, gli studenti dei corsi master tra cui: Andrijana Ruseska, Marija Muratovska, Teodora Josifovska, Maja Božinovska, Sara Despotovska, Hristijan Stojanovski, Anastasija Pop Stojanova, Dragana Markovikj, Emilija Nikolovska e la professoressa Radica Nikodinovska.

La revisione delle traduzioni è stata curata dalle professoresse: Radica Nikodinovska, Anastasija Gjurčinova, Aleksandra Saržoska, Ruska Ivanovska-Naskova, Irina Talevska e Branka Grivčevska. A seguito della correzione, i testi sono stati restituiti per la verifica finale e per l'accettazione delle osservazioni da parte degli studenti stessi, poiché autori delle traduzioni che con serietà ed attenzione adempivano al compito assegnato, scegliendo l'interpretazione più appropriata.

Il libro è diviso in due parti. La prima è composta da 18 racconti in italiano scritti tra Skopje e Roma, tra il 2017 ed il 2022, la seconda è costituita dalle traduzioni degli stessi racconti in lingua macedone.

I piacevoli racconti di Marco Pescetelli, dal lessico estremamente raffinato, accompagnano il lettore verso esperienze emozionanti, sentimentalmente profonde, ambientate tra paesaggi finemente illustrati.

Abbiamo ritenuto che l'esperienza traduttiva potesse essere non solo preziosa, ma anche piacevole per gli studenti che hanno partecipato all'attività. A nome mio, e a nome dell'intero Dipartimento di Lingua e Letteratura Italiana, presso la Facoltà di Filologia "Blaže Koneski" dell'Università "Ss. Cirillo e Metodio" di Skopje, ringrazio gli studenti, perché senza il loro contributo, questa raccolta di racconti non sarebbe mai stata completata.

